СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
Бр.08-7333/53
24.12.2021 година
Кавадарци

З А П И С Н И К

За работата на 5-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за ден 24.12.2021 година.

ПОЧИТУВАНИ СОВЕТНИЦИ

Ја отварам 5-та седница на Советот на Општина Кавадарци закажана за денес. На седницата присуствуваат 18 советници, отсутен 1 советник, информира во службите и ми е кажано мене поради негови лични оправдани причини.

Констатирам дека има кворум за работа и Советот може полноважно да одлучува по предложениот дневен ред.

Со Решението за свикување на денешната седница доставен е и Записникот од Четвртата Седница на Советот на Општина Кавадарци одржана на ден 14.12.2021 година.

Дали има забелешки по Записникот од 4-тата Седница на Советот на Општина Кавадарци. Бидејќи нема забелешки истиот го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоен.

Констатирам дека е усвоен Записникот од Четвртата Седница на Советот на Општина Кавадарци.

Со Решението за свикување на денешната седница имате добиено Предлог Дневен Ред за работа на седницата закажана за денес и тоа:

1. Предлог-Буџет на Општина Кавадарци за 2022 година;
2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;
3. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2022;
4. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на помошно техничките лица вработени во Општина Кавадарци за 2022 година;
5. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на платите на вработените во ТППЕво Општина Кавадарци за 2022 година;
6. Предлог-Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;
7. Предлог-Одлука за благајнички максимум за 2022 година;
8. Предлог-Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;
9. Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци за 2022 година;

10. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година;
11. Предлог-Програмаза изградба реконструкција и одржување на локалнитепатишта во Општина Кавадарци за 2022 година;
12. Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2022 година;
13. Предлог-Програма за комунални дејности за 2022 година;
14. Предлог-Програмаза активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2022 година;
15. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавна чистота за 2022 година;
16. Предлог-Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2022 година;
17. Предлог-Програмаза заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот - за 2022 година;
18. Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2022 година;
19. Предлог-Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година;
20. Предлог- Годишна Програма за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Кавадарци за 2022 година;
21. Извештај за реализацијата на Програма за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2021 година;
22. Предлог-Програма за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година;
23. Предлог-Програма за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2022 година;
24. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2022 година;
25. Предлог-Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2022 година на правно лице;
26. Предлог- Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2022 година на правно лице;
27. Предлог-Програма за одбележување на годишнини и значајни настани и личности во Општина Кавадарци за 2022 година;
28. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2022 година;

29. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита во Општина Кавадарци за 2022 година;
30. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци;
31. Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на КП.бр. 186, КО Фариш во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање;
32. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 66/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;
33. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 48/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;
34. Предлог-Решение за именување на претставници на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
35. Предлог-Решение за именување на претставници на Општина Кавадарци во Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
36. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов Климе„ Кавадарци;
37. Програма за работа за 2022 година на ЈОУ Библиотека„Феткин„Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека„Феткин„Кавадарци;
38. Програма за работа на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе„ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе„ Кавадарци;
39. Програма за работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;
40. Програма за работа на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
41. Одлука за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
42. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата, донесен од Управен Одбор на на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;
43. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на истите на подрачјето на Општина Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци;
44. Предлог- Одлука за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници вработени во

ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2022 година, донесена од директорот ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

45. Предлог-Одлука за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2022 година, донесена од директорот ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;
46. Извештај за работа на Локален Музеј галерија Кавадарци за 2021 година, донесен од Управен одбор на Локален Музеј галерија Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за надомест на членови на работни групи за учество во изработка на ЛЕАП (Локален еколошки акционен план) ;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 47

-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за надомест на членови на работни групи за учество во изработка на ЛЕАП (Локален еколошки акционен план) ;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Одлука за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца„Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци, во новиот објект„Сонце„ лоциран на ул„ Ресавска„ бр.36 во Кавадарци, Општина Кавадарци, во состав на Јавната општинска установа за деца„Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Едногласно усвоена.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 48

-Предлог-Одлука за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца„Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци, во новиот објект„Сонце„ лоциран на ул„ Ресавска„ бр.36 во Кавадарци, Општина Кавадарци, во состав на Јавната општинска установа за деца„Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Одлука за давање на користење, одржување и управување на објектот „Сонце„ на Јавната општинска установа за деца„Рада Поцева„ Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за.

Констатирам дека едногласно е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 49

-Предлог-Одлука за давање на користење, одржување и управување на објектот „Сонце„ на Јавната општинска установа за деца„Рада Поцева„ Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Правилник за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Кој е против. Констатирам дека е усвоена предлог -точката да се стави на денешниот дневен ред.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Јас сум да се иземе оваа точка од дневен ред. Многу е брза. Треба да направиме разлика, атлетиката каков спорт е.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи таа точка беше разгледана на Комисијата за спорт и Комисијата за спорт ја има усвоено така да ние со консултации беше извршена оваа програма значи новиот Правилник за утврдување критериумите и начинот на постапка за распределба на финансиски средства, така да Комисијата за спорт ја има усвоено и ќе биде на денешната.Значи точката е ставена и е помината, значи јас,меѓутоа на гласањето беше за. 14 за , 4 против. Јас кога ве прашав кренавте рака. Во ред.

Значи констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 50

Предлог-Правилник за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

-Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 5, Блок 5.6,,,ХОТЕЛ ФЕНИ ,, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци 2020-2025;

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Кој е против. Сите се за. Колеги ве молам кога точките ги ставаме на дневен ред да биде малце, да не се случува како претходниот пат.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 51

-Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 5, Блок 5.6,,,ХОТЕЛ ФЕНИ ,, КО Кавадарци град, Општина Кавадарци 2020-2025;

Согласно член 59 став 1 алинеја 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Кавадарци, предлагам дополнување на дневниот ред за денешната седница и тоа :

Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претставници на Општина Кавадарци за членови во Управниот Одбор на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци

Согласно Деловникот молам за произнесување за предложената точка на дневен ред .

Кој е за. Едногласно усвоена точката.

Констатирам дека е усвоен предлогот предложениот Дневен ред да се дополни со точка 52

Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претставници на Општина Кавадарци за членови во Управниот Одбор на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци.

Дали има и други предлози за измена и дополнување на досегашниот изменет дневен ред.

Доколку нема истиот го ставам на гласање, целиот дневен ред. Кој е за.1 против, 17 за.

Согласно преминуваме на разгледување на точката 1 од предложениот дневен ред.

1. Предлог-Буџет на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка и би сакал како прв меѓу еднаквите во Советот на Општина Кавадарци во овој храм за демократијата јас да дадам едно мало мислење за буџетот на Општина Кавадарци и потоа да преминеме на расправа околу него.

Почитувани претставници на медиумите, почитувани советници во Советот на Општина Кавадарци, почитуван Градоначалник, почитувани медиуми. При подготовката на буџетот за 2022 година се почитувани начелата за економичност и рационалност во трошењето на буџетските средства, има зголемена фискална одговорност, отчетност и транспарентност, има добро буџетско планирање и извршување преку дефинираните програми и транспарентно планирање и искористување на капиталните расходи како и дисциплинирана буџетска потрошувачка во насока на рестриктивна и ригорозна контрола на помалку продуктивните трошоци без да се наруши нормалното функционирање на буџетските институции.Општиот дел на буџетот содржи консолидиран баланс на приходи и расходи, баланс на капитални приходи и расходи, функционална класификација на расходи, односно збирот на вкупни приливи и приходи е идентичен со вкупните расходи и одливи со што се воспоставува буџетска рамнотежа во биланс на расходи. Сакам да го поздравам делот во капитални расходи каде што се планирани 230 125 000 денари од општинскиот буџет и е со комунален и инфраструктурен карактер односно главен акцент се става на комуналната изградба, тоа со нешто што Општина Кавадарци може да се пофали во изминатите 4 години, а со истото темпо продолжуваме и во наредниот период. Посебно сакамда го поздравам делот во изградба на капацитети во областа на енергетиката. Во време на енергетска криза и тоа на изградба на фотоволтаични панели во 10 општински и јавни објекти во износ од 6 843 000 денари. Посебниот дел на буџетот ги содржи одобрените средства по програми, подпрограми и ставки за прикажување на расходите. Расходите кои што се финансираат од наменски и блок дотации и приходи од самофинансирачки активности се усогласени според потребите и барањата на локалните и јавни установи. Посебно поздравување во овие програми насочувам конПрограмата на локален економски развој, под програма Г1 Подршка на локален и економски развој. Вкупни расходи во оваа програма е во износ од 11 549 000 денари за програма за набавка, одржување и развој на информатичка технологија во Општина Кавадарци, како и надградба на Проект за видео надзор на град Кавадарци. Сигурен град и центар за аудио комуникација и зголемување на безбедноста на граѓаните и општината посебно во јавниот превоз и намалување на кражбите и деликтите во нашата општина. За поздравување е и Програмата за комунални дејности и нејзините подпрограми, посебно Програмата за изградба на фекална и атмосферска канализација во Општина Кавадарци и рурални подрачја во износ од 14 639 000 денари како и Подпрограмата за изградба и реконструкција на локалните улици и патишта во износ од 73 178 000 денари. Бидејќи потекнувам од мојата урбана заедница Љубаш сакам да ги поздравам некои од планираните проекти на жителите на нашата урбана заедница преку претставниците нивни главни во оваа Општина Кавадарци, а тоа е поплочување и реконструкција на улица Цветан Димов, бул. Вељко Влаховиќ посебно околу зградите, бул. Никола Минчев, улица Народна Младина и ул. Пелистерска посебно реконструкција и поплочување на тротоарите, потоа асфалтирање и реконструкција на улици пред се улица индустриска кон Ангрото, улица во населба Бел Камен, улица Индустриска до Уни Палас 2 како и ул. Цветан Димов спој со Западен Булевар. И во развојниот

дел од буџетот кој ги содржи плановите и програмите за развој во 2022 година до 2024 година со вкупни 94 500 000 денари, расходи за 2022 година од 38 500 000 денари, наменети за изградба на јавни објекти во град Кавадарци од средства кои се обезбедени од основниот општински буџет на Општина Кавадарци, пред се тоа се изградба на детските игралишта, изградба, реконструкција и асфалтирање на улицата 25-ти Мај, спој со улица Ѓуро Ѓаковиќ, реконструкција и асфалтирање на улицата Лазо Асијата, како и изградба на Западен Булевар до Коњски Дупки. Бидејќи буџетот на Општина Кавадарци во 2022 година сметам дека е развоен моја заложба е дека денешната расправа за буџетот треба да биде еден своевиден празник за нашиот за тоа како ќе се движи нашата општина во наредната година и затоа сметам дека овој буџет треба да се прифати бидејќи има многу за што треба да се пофалиме, а реализацијата се надеваме дека ќе биде уште поголема и во наредната година .

Повелете советници отварам претрес.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани граѓани, почитувани медиуми, почитувани колеги советници, почитувани присутни, почитуван Претседател на Совет, почитуван Градоначалник. Како прва точка на денешниот дневен ред е Предлог буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година. Јас направив една кратка анализа на буџетот и моите констатации сакам да ги кажам и пред јавноста и пред вас. Значи буџетот е предложен и во прилог со предлог буџетот имаме претходен буџет со кој што треба да направиме споредба во кој правец се движи новиот буџет. Претходниот буџет од претходната година, значи буџетот од 2021 година со последниот ребаланс што го направивме пред некоја седница ние како Совет. Предложениот буџет е во износ и по приходи и по расходи помал од буџетот со кој што вршиме споредба односно со претходниот буџет и тој буџет е намален за околу 98 000 000 денари или во проценти тоа значи 8%. И со ребалансот што го направивме на една од претходните седници исто така направивме намалување на буџетот. Тогаш направивме намалување за 18% од првичниот буџет за 2021 година. Значи имаме тренд на намалување на буџетот и заради тоа треба да бидеме многу внимателни во текот на 2022 година да се оствари овој буџет, да не дојдиме во ситуација да правиме ребаланс на намалување на буџетот. Тоа ќе биде еден негативен континуиран тренд на буџетот на Општина Кавадарци и во структура на буџетот значи тука малку сакам да направиме исто анализа на приходите и на расходите на буџетот. Кај сите видови на приходи има намалување во однос на претходната година.Зголемување на приход има во ставката други добивки од јавни институции, тоа е една ставка која исто така треба малку повеќе да продискутираме и да ја имаме во предвид во текот на цела 2022 година, затоа што тука е добивката на ЈП Комуналец која што одлука ја изгласавме минатата седница и целиот износ на нераспределената добивка во износ од 148 000 000 е ставен како приходна ставка во буџетотза 2022 година. На сите ни е јасно дека оваа добивка е нереална, мислам како средства се нереални што ќе ги има Општина Кавадарци во наредната година, искористена е таа ставка за потполнување на буџетот и со надеж дека овие средства ќе треба да се надокнадат преку друг извор на средства за да имаме исполнување на буџетот во што е поголем процент или да речиме во 100 процентно зголемување на

реализацијата на самиот буџет. Значи во случај ако целата добивка непрераспределена што ја има ЈП Комуналец сите тие средства се префрлат во буџетот за 2022 година морат да бидат намалени најмалку со данокот на добивката така да тие средства ние ќе ги немаме во наредната година и тука мораме да водиме сметка од кои извори би ги надоканадиле тие средства во наредната година. Претходните 3 години од ЈП Комуналец префрлени во буџет на Општина Кавадарци се минатата година значи односно во 2021 5 400 000 претходно биле 15, во 2019 се префрлени околу 28 000 000, така да 140 000 000 секако нема да ги имаме како ставка . Тоа треба да гоимаме во предвид. Тоа е значи на приходната страна, а на страната кај расходи сакам да споменам, значи тука имаме тековно оперативни расходи и капитални расходи. Значи за да биде еден квалитетен буџетзначи процентот на капиталните расходи треба да биде во што е можно поголем процент, колку тоа го дозволува самиот приход на буџетот, но трендот со новиот буџет што ни е предложен е таков што имаме ние намалување на капиталните расходи во споредба со претходниот буџет, а зголемување на тековно оперативните расходи. Значи тековно оперативните учествуваат со 800 000 000, а капиталните со 300 000 000. Во споредба со претходниот буџет капиталните расходи се намалени за околу 30%, а кај тековно оперативните имаме зголемување за 3, 8. Значи тековно-оперативните трошкови, тоа се платите, тековно одржување на објектите, стоки, услуги, други. Значи тоа се трошоците од кој бенефит имаат општините во текот на годината за која што се врши трошењето, додека капиталните раходи се расходи кои што овозможуваат придобивки да имаме и во наредните години и придобивки да имаат и наредните генерации, значи тоа се капитални објекти, улици, опреми, машини итн. и кога би направиле и анализа и во капиталните расходи и тука може малку да видиме дека токму во други градежни објекти коишто имаат најголема вредност и се од најголемо значење за самата општина и за нас како граѓани и тука имаме најголемо намалување во однос со претходниот буџет.Значи во претходниот биле 355 000 000, сега се планирани на 211 000 000 денари.Значи тоа е една кратка анализа и мораме да бидеме многу внимателни во 2022 година да се оствари овој буџет, не смееме да си дозволиме значи ребаланс на намалување или пак ребаланс намалување на капиталните расходи.Ако капиталните расходи бидејќи уште во старт ги кратиме треба да се насочиме да во 2022 година ги оствариме, така што ние како советничка група ќе бидеме токму во тој дел уште повеќе насочени, значи во трошење на овие средства, реализација на овие проекти, кои проекти имат предност во реализацијата затоа што знаеме како пристигат средствата во буџетот така и се определуват кои проекти, кои програми ќе имат предност и апелираме до сите вработени во државните институции посебно до раководниот кадар за економично работење, домаќинско, ќе ги следиме финансиските извештаи на сите институции се со цел да сите институции работат што поекономично, подомаќински и поквалитетни услуги спрема граѓаните, значи очекуваме подобрување не дека сега не е во ред, но секогаш може подобро и сите треба да бидеме насочени кон подобрување во секој поглед и финансиски и во квалитет на извршените услуги.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани колеги советници, Претседател на Совет, Градоначалник, граѓани, медиуми сакам да земам збор врз основа на мојата анализа за буџетот. Буџетот е приходи и расходи за една година. За разлика од трговските друштва буџетите на државните институции е согласно Законот за буџети и Закон за финансирање на единиците за локална самоуправа и Закон за сметководство за буџети се разликува од другите буџети односно тоа претставува, приливите претставуваат приход, а трошоците одлив односно сметководството се воде по паричен терк односно по кеш флоу или прилив или одлив. За ралика од тоа согласно Закон за трговски друштва другите претпријатија и фирми го водат врз основа на пресметковна основа односно тоа што се фактурира е приход односно тие фактури што ги добива е трошок.Според мојата анализа за буџетот за 2022 година како што беше и претходните 4 години ќе биде развоен буџет со големи капитални инвестиции и значи голема изградба во инфраструктурата. Буџетот за оваа година е планиран 1 088 000 000 денари или отприлика околу 17 691 000 евра. Тоа е вкупниот буџет со даночни приходи, неданочни приходи, капитални приходи, приходи од дотации, трансфери и приходи од донации. Основниот буџет на Општината што е најбитно значи што не е од дотациите што ги праќаат за исплата на плати на одредени институции е исто така доста битен и тој износ е 521 899 000 или некаде во денарска противвредност во евра 8 486 000евра. Значи јас ќе се задржам за капиталниот дел, значи овој буџет има многу голема развојна компонента односно капитални инвестиции. Капиталните инвестиции во овој дел се во износ од 44% од основниот буџет или околу 21% од вкупниот буџет. Значи капиталниот дел односно капиталниот дел на буџетот го сочинуваат изградби на улици и инфраструктури , тој дел се состои од вкупно 23 000 000 денари каде што ќе се изградат булевари, Западен булевар каде што претходните години беше изграден во делот на Задругар сега ќе биде изградба од Кавадаречки дол или Желков дол или цела урбана заедница Слога, ќе се градат нови улици, нови тротоари, нови возила, нова опрема и според мене овој буџет треба да го изгласаме едногласно бидејќи тоа е развојна компонента каде што имаат и урбаните заедници коишто сите се вклучени во тоа би донело нов развој на градот. Посебен осврт ставам на капиталните расходи, бидејќи во капиталните расходи, тие се тендерираат и се дава на тендер и таму добиваат приватни компани. Во градежните работи кадешто има капитални се уклучени некаде околу 33 гранки од приватните субјекти односно од градежништво, од железна индустрија, од вработени кадешто со тоа го потикнуваме и домашниот развој односно домашните компании дали нели во зависност кој ќе добие во тендер, дали од локални компании, дали од околните градови, но со тоа се раздвижува буџетот на Општината и ја раздвижува домашната економија. Тоа во кратки црти ќе биде за буџетот од моја страна.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Почитувани колеги советници, Претседател на Совет, Градоначалник,медиуми, граѓани на Општина Кавадарци. Првин ќе дадам една кратка аналиа моја на буџетот па после имаме одредени амандмани кои што сакаме да ги предложиме како Амандмани на Предлог-Буџетот на Општина Кавадарци. Прво во делот на приходите. Јас сметам дека тука има одредени работи кои што се нереални и ги спомна колешката Веса Богева од советничката

група на СДСМ дека конкретно во делот на претприемачки приход и приход од имот се планирани нереални средства кои што нема да се реализираат за 2022 година. Од сектор финансии добивме, тоа се однесува конкретно на точката која што беше ставена на претходниот совет за акумулираната добивка на ЈП Комуналец. Врз основа на претходните години средствата кои што се исцрпени, секоја година сте носеле од 2018-2020 година секоја една година е носена таква одлука и вкупно се исцрпени за сите 3 години 49 000 000 денари, а оваа година се планирани да се реализираат 148 000 000 денари со што апсолутно сметам дека исто така треба да се напомене дека секоја година износот кој што е исцрпен како средство од ЈП Комуналец е секоја година помал, првата година бил 28 000 000, 15 000 000, оваа година 5 400 000 денари, значи апсолутно сметам дека овој дел од буџетот е нереален за да се очекува да се реализира во делот на приходите. Во делот на расходите имам одредени исто така забелешки, конкретно во делот на капиталните расходи. Ако правиме одредена споредба во однос на капиталните расходи, планираните капитални расходи по овој буџет за 2022 година со капиталните расходи кои што биле планирани претходната година гледаме дека има сериозно намалување во дел на вкупни капитални расходи, претходно сме имале 427 955 000 денари, оваа година имаме 300 000 000 планирани капитални расходи и по сите ставки надоле имаме сериозни намалувања во делот на капиталните расходи. Исто така друга работа која треба да ја говориме во делот на капиталните расходи е квалитетот на капиталните расходи, бидејќи едно е кога градите објект или кога поплочувате улица, едно е ефектот економски кој што се постигнува кога градите улица, кога градите таков капитален објект, друго екога набавувате односно кога купувате мебел или нешто слично. Тоа е во дел на анализата на буџетот. Е сега сакам да ги презентирам, имаме пет Амандмани. Првиот Амандман е во дел на стипендирање на 10 најдобри ученици коишто завршуваат, коишто се матуранти завршуваат матура со најдобар успех да Општина Кавадарци му го покриваделот на партиципацијата за студирање за упис на високо образование во износ од 12 000 денари годишно за 10 луѓе тоа се 120 000 денари. Тоа е првиот Амандман. Вториот Амандман е еднократна парична надокнада за спортисти од Општина Кавадарци кои што освоиле во тековната година одредени награди за прво, второ, трето место на државни и на меѓународни натпреварувања, а вкупниот износ за ова предлагаме да биде 300 000 денари и да се направи одреден критериум по кој што ќе се исплаќаат средствата на секој оној кој што освоил одредена награда. Третиот Амандман е во делот на Социјалната Програма на Општина Кавадарци. Предвидени се 2 000 000 денари за помош на лица од социјално ранливи категориии слично, ние сакаме да тој износ биде поголем и предлагаме зголемување на тој износ за 1 000 000 денари. Сметам дека како солидарна општина сметам дека тој износ од година во година треба постојано да се зголемува со цел да оние лица кои што доаѓаат од социјално ранливи категории односно коишто имат низок доход да најдиме одреден начин да им помагаме, па дури може да направиме одредени промени, да направиме како посебен социјален фонд каде што би го уклучиле и приватниот сектор да доколку е заинтересиран или секој граѓанин кој има можност доколку е заинтересиран да го полни тој фонд и тоа е како една предлог идеја за наредна

година да може да се размислува. Четвртиот Амандман се однесува на работа која што беше предлог и во Изборната Програма на ВМРО ДПМНЕ која што се однесуваше на бесплатен оброк за учениците во основните училишта. Ние предлагаме Амандман за бесплатен оброк на ученици кои што се во основно образование и истиот да почне да се реализира пошто е веќе почната учебната година да почне да се реализира од наредната учебна година и тој Амандман сме го процениле на 15 000 000 денари и имаме уште еден Амандман и тука мислам дека ќе најдиме заеднички јазик мислам сите советници во делот на превозот. Ако погледнете во буџетот планираниот превоз за учениците изнесува секоја година 15 000 000 денари и мислам дека тоа се превисоки суми што Општина Кавадарци ги плаќа за превоз на деца од основни и средни училишта. Ние предлагаме Амандман за Општина Кавадарци да набави сопствени автобуси, да има сопствен превоз и да можиме да правиме заштеда во однос на тој дел, да не даваме секоја година по 15 000 000 денари и тоа е последниот Амандман, сме го процениле на 9 000 000 денари набавката на три автобуси. Во техничкиот дел на Амандманите мислам дека се во ред, во делот со распределбата на контото мислам дека се во ред, ако има некој проблем се надевам ќе добиеме одредена помош и од страна на стручните служби.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Процедурално имам нешто. Дали согласно Деловникот Амандманот е поднесен писмено. Треба да се поднесени претходно пред да дискутираме .Ама сега ли ги доставуваш. Треба претходно има во Деловникот се доставува претходно за разгледување комисии за да ги разгледаме. Деловникот пишува точно. Значи се поднесува претходно зн разгледување. Еве 147 член од Деловникот за работа.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи до почетокот на седницата се поднесени Амандманите во архива. Јас мислам дека нема ништо спротивно на Деловник.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Добро чим се поднесени во архива, не се поминати на комисија, ќе ги разгледаме .

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Почитувани граѓани, Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници, медиуми и останати присутни. За денешната седница на совет имаме расправа за Предлог – Буџет на Општина Кавадарци за 2022 година. Предлог Буџет кој што е димензиониран на износ од 1 098 749 000 денари. Предлог Буџет, еден развоен буџет во кој што се опфатени реалните потреби и проблеми на граѓаните. Во Програмата за комунални дејности каде што имаме одржување на урбана опрема,предвидени расходи, планирани расходи за 2022 година 1 270 000 денари, за јавно осветлување планирани расходи за 2022 година 275 460 000 денари, за јавна чистота се предвидени 14 000 000 денари, за одржување и заштита на локалните патишта и улици раходи планирани за 2022 година од 11 627 000 денари и имаме во Подпрограма за одржување на паркови и зеленило вкупни расходи планирани од 11 000 000 денари, изградба и реконструкција на локални улици и патишта планирани вкупни расходи од 92 180 000 денари, за изградба на систем за водоснабдување предвидени се 1 285 000 денари средства наменети за изградба и реконструкција на системи за водоснабдување на Тиквешко Езеро, Ресавски Залив, од Програмата за култура каде што се предвидени раходи за плати и

надоместоци, материјални трошоци за културни манифестации и творештво планирани расходи од 26 775 000 денари, во Програмата за образование исто така плати, надоместоциза развој на образовниот систем во Општина Кавадарци предвидени 401 348 000денари, во Програмата за спорт и рекреација како и секоја година во изминативе 4 години така и оваа и за наредната 2022 година се предвидени рекордни 12 000 000 денарикои што ќе послужат за трансфери до спортски клубови во нашата општина за унапредување на здраствената заштита, исто така знаеме дека изминатите 4 години Општина Кавадарци издвојуваше средства за помагање на здраствениот систем, така и за наредната 2022 година се предвидени вкупни расходи од 1 500 000 денари кои што ќе послужат како трансфер до ЈЗУ Општа болница со проширена дејност. Во Програмата за изградба и реконструкција на јавни објекти оваа развојна програма е предвидена да се реализира преку 4 капитални објекти меѓу кои прв проект изградба на детски игралишта во износ за 2022 од 8 500 000 денари. Втор проект како што кажа претходно Претседателот на Совет изградба и реконструкција и асфалтирање на улица 25-ти Мај со реализација во буџетот за 2022 година планирана на износ од 10 000 000 денари, реконструкција и асфалтирање на улица Лазо Асијата трет проект реализација во буџетот за наредната годинаод 10 000 000 денари, исто така важен проект, четврт проект изградба на Западен булевар од месноста Коњски дупки до Желков Дол, реализација на проект кој што вкупно ќе изнесува 24 000 000 денари, а за 2022 година се предвидени во износ од 10 000 000 денари. Она што е според мене најважно за граѓаните во Општина Кавадарци тоа се расходите во делот за изградба на улици и реконструкција на улици и други објекти по урбани и месни заедници, програма која што е проектирана и реализирана од страна на самите граѓани спрема нивните реални потреби каде што имаме исто така издвојување на голем број на средства, за урбана заедница Страшо Пинџур се предвидени 17 500 000 денари, за УЗ Браќа Џунови 6 500 000 денари, за УЗ Браќа Досеви 1 400 000 денари, за Ќиро Крстев 19 550 000 денари, за УЗ Задругар 4 900 000 денари, за УЗ Слога се предвидени 1 900 000 денари, за УЗ Кула 2 200 000 денари, за УЗ Љубаш 28 100 000 денари. Исто така тука се опфатени и сите месни заедници.Почитувани граѓани, почитувани колеги советници јас ќе гласам позитивно во врска со овој Предлог Буџетот за 2022 година. Ќе гласам позитивно за продолжување на правилен развој на Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитуван Градоначалник, Почитуван Претседател на Совет, почитувани колеги советници, медиуми и граѓани на Општина Кавадарци.Денес е свечен чин кој што треба да го разгледаме Буџетот на Општина Кавадарци и би сакал моето гледиште да го претставам за овој буџет како еден од доста развојните буџети коишто досега постоеле. Би сакал да напоменам неколку проекти кои што така ми оставија освен овие проекти коишто беа претходно спомнати. Би сакал да ги спомнам проектите кои што се од суштинско значење за граѓаните на Општина Кавадарци и ќе ни бидат многу полезни во текот на нивното реализирање на овие проекти. Тоа е значи проектот на инсталирање на смарт мерни единици за земјоделието. Овој проект треба да вреде 10 000 000 денари каде што учествува со учество и Општина Кавадарци,

потоа имаме проект за развој на Винскиот туризам преку промоција на семејни винарии на територијата на Општина Кавадарци кој што Проект вреде околу 1 000 000 денари и уште така би сакал да го спомнам Проектот за поставување на фотонапонски панели на јавните институции со што покажуваме дека Општина Кавадарци се грижи за обезбедување на обновливи извори на енергија и е од доста суштинско значење, така да моето мислење дека освен овие проекти и другите проекти кои што се предвидени за реализација со овој буџет се во корист на граѓаните на Општина Кавадарци, да не ги напоменувам повторно оние комунални изградби, да не ги спомнувам проектите кои се предвидени капиталните проекти. Мое мислење е дека овој буџет е доста развоен и јас лично ќе го гласам овој буџет .

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Почитуван Претседател на Совет, Градоначалник, колеги советници, медиуми, почитувани граѓани. Денес пред нас на денешната седница се наоѓа Предлог-Буџетот на Општина Кавадарци за претстојната 2022 година. Морам да истакнам дека имаме еден доста амбициозен буџет и еден од најголемите буџети досега, но тоа се должи пред се на големата и видлива комунална експанзија во Општина Кавадарци, не само во оваа при крај измината 2021 година туку изминатите 4 години и кои видливо со голо око може да видиме во каков модерен и европски град живееме. Јас како млад човек и човек кој е застапник на младите во Советот на Општина Кавадарци сакам со овој мој говор да се задржам на проектите за млади кои се предвидени со овој Предлог Буџет, а воедно сакам и да ги поздравам затоа што директно ќе влијаат за подобрување на животот на младите луѓе во Општина Кавадарци. Најнапред сакам да истакнам дека Општината е голем подржувач на спортот и развојот на спортот во Општина Кавадарци. Со 12 000 000 денара Општина Кавадарци е директно е вклучена во развојот на спортот во Општина Кавадарци, а доказ за тоа е и влезот наГФК Тиквеш во првата македонска фудбалска лига после 20 години и влезот на ГРК Тиквеш во машката супер лига и се натпреварува во лига кадешто имаме клуб како Вардар кој што е двократен европски шампион, но тука да не ги забораиме и индивидуалните спортови кои итекако се на високо ниво со тоа што се повеќе наши спортисти од индивидуалните спортови не претставуваат на домашни и меѓународни натпревари со тоа што се и носители на високи резултати и достојно ја претставуваат нашата Општина. Исто така сакам да истакнам дека со овој буџет се опфатени и нашите најмали со изградба и реконструкција на повеќе детски игралишта со разни елементи коишто ќе можат безгрижно да го минат своето детство. За оваа намена во буџетот се проектирани околу 28 000 000 денари, која е една завидлива сума на пари и со тоа покажуваме дека искрено се грижиме за најмладите. Во буџетот за 2022 гтодина се предвидени многу проекти кои директно ќе влијаат за животот на младите и сакам да спомнам неколку и тоа адреналински парк во склоп на Градскиот парк Љупчо Шкартов , изградба на летниковци и детско игралиште во месноста викана Брана Моклиште, проектот Го сакам Кавадарци со што на секој млад човек кој што полни 18 години му се подарува книга од Општина Кавадарци со историјата за самиот град и да осознае нешто повеќе за него. Исто така сакам да кажам и збор, два за урбаната заедница од каде доаѓам и каде сум пораснат и каде го имам поминато најголемиот дел од

моето детство за урбаната заедница Браѓа Цунови . Во 2022 година предвидено е реконструкција и асфалтирање на улица Ило Костов и улица Киро Спанџов и поплочување на улици и тротоари на улица Браќа Хаџи Тефови, на крак од улица Браќа Хаџи Тефови, бетонирање на улица Благој Крстиќ и крак од улица Тиквешко Востание. Проектирани средства за оваа инфраструктурна изградба се предвидени 6 500 000 денари. Со ова значително ја подобруваме инфраструктурата на нашите сограѓани од УЗ Браќа Цунови и ја зголемуваме безбедноста за движење на пешаците. Пред самиот крај од мојот говор сакам да истакнам како никогаш до сега Општина Кавадарци има одвоено буџети за невладиниот сектор кој е нераскинлив дел од развојот на Општина Кавадарци. Во Буџетот на Општина Кавадарци проектирани средства за невладиниот сектор се високи 3 000 000 денари и со тоа се искажува грижа и за самите невладини организации кои што се вложуваат во развојот на Општина Кавадарци. Поради овие ставки кои што се предвидени во буџетот на Општина Кавадарци јас ќе гласам позитивно и го давам својот глас за буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година .

СОВЕТНИЧКА ВАЛЕНТИНА БАЊАНСКА: Почитуван Претседател на Совет, Градоначалник, почитувани колеги советници, почитувана општинска администрација, почитувани медиуми, граѓани и останати присутни. Во поглед на Предлог- буџетот за наредната година и од претходните советници значи слушнавме дека е димензиониран на 1098 749 000 денари или околу 18 000 000 евра. Сумата е фасцинантна и со оглед на потребите и можностите на градот е пожелна за прибирање на поважна за мене, а и за сите советници и граѓани е оваа сума онака како е предвидено, така и да се потроши. Она кое ние како советници треба да се фокусираме, кога станува збор за буџетот е дали се опфатени сите фокус групи и гранки од општинска надлежност и дали е дадена развојна компонента на буџетот дали ќе се гради, дали ќе има нови вработувања, дали ќе се помогне во спортот и во здруженијата и невладините организации, но исто така ако не и најважно прашање на кое во наредните месеци и години на кое треба да се фокусираме е како градот преку своите политики и својот буџет се борат со загадувањето и климатските промени. Од предлог буџетот ги гледаме дека вкупните капитални расходи се планирани на 300 025 000 денари, расходите се плати како што и претходно советникот спомна за вработените во Општината, за Градоначалникот и за Советот на Општината е предвидена сума од 91 832 000 денари, расходи за стоки и услуги се планирани заначи во висина од 123 883 000 денари, трансфери од Влада што се планирани, значи фондации, агенции и донации со вкупен износ од 92 726 000 денари. Имаме ситуација дека сме најподржувана општина во државата од страна на Владата во минатиот период, да се потрудите така и да остане и во наредниот период. Имав прилика да споредувам со буџетот, значи на претходниот градоначалник и можам да кажам дека овој буџет е двојно поголем. Во тоа време се реализирал некаде помалку од 10 000 000 евра. Со самото тоа дека истиот е двојно поголем и двојно поголеми се и очекувањата на нас, прво како советници, а исто така и како граѓани, сигурно дека ќе има и сомневање околу тоа кој ги троши средствата од буџетот,дали има фаворизирање во поглед на тендерите, кои се подизведувачите, надзор, квалитет

но затоа не треба премногу да се возбудувате, вие знете дека тоа е задачата на политиката, затоа и е направена Комисијата за конфликт на интереси на Градоначалникот. Во секој случај овој буџет вака или онака ќе помине и ние како советници ќе се потрудиме значи во наредната година да вршиме постојана контрола на реализацијата на истиот и да бидете сигурни дека постојано значи ќе гледаме до последниот денар предвиден со овој буџет во законскиот рок и начин утврден како да биде подржан. Воглавно тоа би било моето излагање за буџетот.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Само една реплика на делот што се однесуваше, што го кажа колешката Бањанска на делот кај што нашата Општина презела многу големи средства мислам добила средства од ниво на централната власт, да точно е така, ама знаете дека на вашите градоначалници, дел од вашите градоначалници што имаа Заев му покри, вашата Влада ги покри загубите со 30%, а пошто нашата општина и од претходниот градоначалник и овој градоначалник не беше во минус, затоа им ги доделиоја тие средства централната Влада ради тоа што имаше позитивно и реално работење и виден напредок во делот на проектите капитални, јавни комунални дејности и водата сите делови за тоа се донесени тие се дадени средства од централната власт.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика Вуко Мелов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас имам реплика до колешката. Спомна раздолжување на општини, а од 2009 година до 2017 година општините во најголем дел ги раководеше ВМРО ДПМНЕ. Долговите кои што правени, се правени од градоначалниците на ВМРО ДПМНЕ во тие 8 години, тоа може да си го проверите лесно како податок, раздолжувањето централната власт го направи со цел да општините да можат да функционират така какошто треба да функционират.Точно е тоа дека Општина Кавадарци стоеше добро по тоа прашање, меѓутоа сега исто така не стоиме добро. Тоа е едниот момент. Да во делот на тоа.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани сограѓани, почитувани медиуми, почитувани советници, почитуван Претседател на совет.Плодна дискусија. Убава дискусија. Убав состав на совет кадешто може да се дискутира и да се донесат заклучоци и да од тие заклучоци аргументираме нормално пред нас е тековната година кај што ќе треба да реализираме. Јас прво би се навратил station наназад на претходниот мандат четиригодишен и на претходните советници и би укажал на тоа дека Општина Кавадарци работеше 4 години домаќински. Буџетот е дуплиран од претходниот буџет кој што го имаше претходниот градоначалник и буџетот ние го реализиравме според сите можности и потреби кои што ги имаа граѓаните. Немој да заборавате дека 2,5 години сме во една незавидна ситуација, пандемија, 2,5 години сме со ковид, од кој што речиси 2-3 месеци имавме и полициски часови, имавме и забрана за движење и сеуште имаме мерки во делот на економијата, во делот на реализацијата за сето тоа да биде, нормално ќе треба уште многу време веројатно да помине за да стигниме до една граница, нормално општество и слободно општество. Во делот што го спомнавте на раздолжување на општините, да точно е дека Владата 50 000 000 евра одвои, тоа го поминавме ние на ЗЕЛС, јас како потпретседател тогашен на ЗЕЛС, а сега и член на Управниот Одбор на

новата формирана, новиот Управен Одбор на ЗЕЛС го поминавме на ЗЕЛС затоа што имаше општини во многу лоша состојба. Ако ме прашате мене дали е тоа правилно би рекол не, затоа што како општина не добивме ништо затоа што не бевме задолжени и во моментот ист таков закон да донесат, пак нема да добиеме ништо затоа што немаме ние доспеани, блокирани обврски. Тој закон беше донесен само за општините кои што имаат акумулирани долгови и се на некој начин застарени долгови, не застарени, него се со поминат рок на отплата. Ние таков долг немаме во моментот па до ден денеска. Нашата реализација за 21 година за буџетот од основни приходи е 400 000 000 денари. Со моето доаѓање како Градоначалник со претходниот Совет наследивме Општина каде што имаше основен буџет од 180 000 денари. Сега имаме 21 година една лоша година со пандемија, реализација, основен реализиран веќе буџет од 400 000 000. Тоа е за поздравување и за службите и за советниците претходни и за вас и јас како Градоначалник, меѓутоа и за граѓаните коишто го имаат благодетот на крајот од делот на градбата на комуналните и инфраструктурни објекти. Нашите работи се поставени така да општината оде напред. Ги поставивме во претходните 4 години со донесувањето на Генералниот План, со донесувањето на повеќе од 25 детални урбанистички планови, со донесувањето на повеќе инфраструктурни проекти и објекти за да нашата општина се развива и основниот буџет е многу реален да биде од 500 000 000 денари и јас ве уверувам во таа работа дека наредната година 500 000 000 денари ние ќе ги реализираме како буџет основен без оние блок-дотации кои што ги добиваме до 1 100 000 000 денари. Тоа е многу реално очекување поради тоа што интересот за развој на градот економски, инфраструктурно и од приватни субјекти е на високо ниво и мислам дека ќе го достигниме. Има еден ризик кој никој тука денеска не го спомна, можеби и ги немате информациите Општина Кавадарци во моментот е во добра позиција, во одлична позиција во однос на другите општини. 80% од општините се со празни сметки, 80% од општините без разлика кој ги водел претходно се веќе и со тенденција за блокирање на сметките. Тоа е заради тоа што ниедна општина нема акумулирани средства и вишок средства со исклучок на Битола и со исклучок на град Скопје. Проблемот е во тоа што електричната енергија на пазарот денеска е 430 евра за mw/h. Ние како Општина имаме склучено договор со ЕВН и ја добиваме електричната енергија по цена од 5 денара за kw или тоа би дошло некаде отприлика околу 80-100 евра за mw/h. Доколку се случи ЕВН да ни го раскине договорот како што се случи во другите општини во тој момент ние ќе имаме вонредна седница на Совет и тоа ќе биде најстрашната работа што може да се случе поради тоа што, само еден пример ќе ви кажам, врочем општини од ниво на Кавадарци отприлика со улични број на осветлување и потрошувачка на електична енергија како Велес, Штип, околу 6-6,500 светилки или 300 kw потрошувачка на електрична енергија во моментот плаќаат сметки 7-8 000 000 денари месечно за улично осветлување, ние плаќаме од 900- 1 000 000 денара, тука ни е благодетот затоа што успеавме во минативе 2 години да голем дел од светилките ги замениме за уште поштедливи лед светилки, со димирање, тука е моментот што успеавме да ставиме смарт систем каде што можиме да правиме појачување на осветлувањето и нашите нови светилки се со најнова технологија.

Тоа стручно се вика димирање, дека првите 4 часа работат со 100%-на снага, а после тоа работат со 50% снага, светлината не е занемарена, меѓутоа потрошувачката е намалена. Ако се случи како во другите општини да почниме да плаќаме месечно 7-8 000 000 денара електрична енергија, зборам само за улично осветлување, тоа значи дека основните училишта, пред училишното згрижување на деца и средните училишта и јавното претпријатие ние ќе треба негде месечно да платиме околу 20 000 000 денари само за електрична енергија или годишно 240 000 000 денари. Тоа никаде не е предвидено како ризик. Го спомнувам за да го имате на ум, да знаеме дека тоа ќе биде колапс во системот. Ние како ЗЕЛС ми се чини дека понеделник ќе имаме Управен Одбор и ќе побараме од Владата да разликата во цената по однос на она што го прибираме како приходи од улично осветлување, а тоа примарно за Кавадарци некаде околу 2 000 000 денари, доколку се случи да треба да доплатиме уште 5 000 000 дека ќе ги бараме како субвенции од државата пошто ниедна општина нема да може да изграде ниту комунално, инфраструктурно, ниту пак да опстане со такви високи сметки на струја. Исто има проблеми и тој благодет ние го имаме, има проблеми во општини кадешто водоснабдителниот систем му е со пумпи и влечат струја, не можат буквално да си ги подмират сметките за водоснабдувањето. Не е проблемот само во Македонија, светска криза на електрична енергија, затоа ние на 15 јануари до 20 ќе ја пуштиме и 5-тата МиниХидроЦентрала и Општина Кавадарци при ЈП Комуналец ќе произведува 1,1mw/h електрична енергија. Тоа е спасот и тоа е поставеностана Општината и благодетот кој што го имаме во делот за производство на електрична енергија, исто така и фотоволтаиците, али знаете дека фотоволтаиците се ограничено производство на електрична енергија, само кога има доволно сончеви денови и доволно сончеви зраци. Во делот на реализацијата на буџетот, добро ги појаснавте сите проекти, се разгледало доволно, јас само сакам да ве уверам дека целокупниот буџет кој што е правен, не е правен ниту од ракав, ниту комуналната изградба е правена на памет, цела та комунална изградба доаѓа од стратешките и суштинските потреби на Општина Кавадарци, доаѓа од урбаните месни односно од урбаните заедници со нивни барања потпишани со печат, со потпис и од месните заедници, исто така од граѓанството и при Секторот Мој Општинар и заедно со сите други баратели на потребите основни и потребите од капитални инвестиции. Тука во овој буџет имаме предвидено 3 капитални инвестиции коишто 30 години се чекаа да се направат . Тоа е доградувањето на Западен Булевар, тоа е улицата Лазо Асијата, во Ќиро Крстев населбата и тоа е улицата ми се чини дека беше 25-ти Мај во Глишиќ, каде што се суштински и капитални објекти, односно инфраструктурни што треба да ги изградиме. Морам да потенцирам и да кажам дека при добивањето на помош или при добивањето на проекти Општината како Локален економски развој секторот имаме добар сектор, имаме одличен персонал каде што правиме добри проекти и успеавме во тие проекти да ги добиваме во делот на интерес на Општина Кавадарци, многу проекти добивме, ама тоа не е само ради тоа што Градоначалникот, или Советот или Град Кавадарци е на некој начин привилегован, воопшто не сме привилигованi, него да добиеш проект од било која агенција за развој, дали е преку ВПР регионалниот развој, дали е преку

Дирекцијата за рурален развој, дали е преку било која институција треба да исполнуваш услови основни. Основните услови се дека имаш средства да си го платиш ДДВ-то од 20%. Во нашиот случај при рамномерен развој на општините, а ние сме под Плански Вардарски Регион голем дел од општините нема да ги именувам не може да аплицираат на тие проекти пошто сметките му се блокирани и едноставно немаат средства да учествуваат со 20, 30, 40%. Ние немаме ниту еден проект кој што сме го добиле, а сме под 20 или 30 % со сопствено учество од Општина Кавадарци. Тоа исто е и за детската градинка, исто и за спортската сала, исто и за патеката што се градеше така да Општина Кавадарци учествува секогаш со 30% и тоа е бодирањето и тоа е еден од клучните услови за да може да учествуваш во бодирање и да ти доделат проекти . Еве само еден пример ќе ви кажам вчера министерот за Локалана самоуправа ме контактираше 3 000 000 денара му се останати средства од Програма , претходно ние земавме 2,5 000 000 денари за колекторот во Возарци сега што го градиме и 2,5 000 000 наши средства, а во меѓувреме аплициравме за асфалтирање на крак од улица на Методија Џунов Џикот накај турските гробишта и тоа беше со вредност од 6 000 000 денари, аплициравме 50% да биде делот на Општина Кавадарци, 50% да биде делот на Дирекцијата за развој, меѓутоа поради тоа што нашата можност беше искористена и немавме приоритет во таа работа меѓутоа вчера се јави министерот и кажа дека денеска ќе склучиме договор и веќе договорот е склучен да ни ги доделе средствата со еден изговор ова што ќе го кажам дури е жално, другите општини немаат соодветни проекти аплицирано, некој аплицирал незнам за санитарии, некој аплицирал за дезинфекција на школи и ред друго, така да што ќе си побараш и како ќе аплицираш, колку домаќински ќе работиш, толку и ќе добиеш. Тоа мислам дека треба да биде и правило број 1 во цела држава. За жал децентрализацијата во последните 4години не успеавме и како ЗЕЛС и како Општина и вие како советници и граѓанство да ја спуштиме на пониско ниво за да можеме да добиваме поголеми средства од блок дотациите, меѓутоа и поголеми овластувања на самите општини како што е пракса во цела Европа или во цел свет, ние сеуште сме на 4,5% ДДВ и персонален данок од вкупниот приход на државата и тоа ќе ви кажам како бројка некаде ние како блок дотација месечно добиваме 4 300 000 денари од државата назад во тие 4,5%. Досега требаше според планот на ЗЕЛС и според планот на Министерството за Локалана Самоуправа да стигниме до 11%. Меѓутоа еве сега најавата е дека од месец март односно април дека ќе се крене и на 7, па до крајот на годината да одиме со 10 %, така да средствата кои што ги имаме на основ на блок дотација се минијатурни за општините да можат да функционираат и да опстанат во делот на нивното работење . Би се навратил во делот на буџетот кој што кажавме дека 500 000 000 денари или 507 поточно е основен буџет за 22 година, од кои што во 2017, пред мојот мандат прв бил 180 000 000 денари. Тоа е повеќе од двојно покачување, а реализацијата за 22 година ни е 400 000 000. Тоа е за поздравување за сите служби и за поздравување за целокупното работење на Општина Кавадарци. Како буџетирањеи давање предлог на буџетот и оној кој што треба да го донесиме и да го изгласаме како буџет, секогаш ние мораме да имаме амбиции, мораме да имаме желби за да поткниме поголем развој економски,

финансиски и во било кој поглед. Ребалансот на буџетот може да се случи од многу причини како што ги спомнав и сега пред малку дали е пандемија, дали е забрани, или пак не дај боже од некојаси енергетска криза која што можеби сите пари ќе ги предвидиме само за електрична енергија да опстаниме како граѓанство, да не живееме во темница, така да ребалансот јас ќе бидам најсреќен кога би направиле ребаланс со зголемување на буџетот да да го оствариме цело ова и мислам дека буџетот за 22 година имаме потенцијални идеи реални кој што треба ние како средства, а вие ги знаете скоро сите тие очекувања кои што ги очекуваме од бизнис секторот, од инвестиции идни. Општина Кавадарци, парцела кај Гарниково од 50 хектара за изградба на фотоволтаици од 50 mw. Тоа го спомнав и вчера во емисија 50mw вака да имаме основно гледање тие 50% од моменталното работење на ТЕЦ Неготино. ТЕЦ Неготино работе со 20 mw, ние спремаме парцела за 50mw.Таа парцела ќе си спрема, нормално очекуваме тука приватни фирми да појават интерес и да ја купат парцелата, веќе има потенцијални заинтересирани, меѓутоа таа парцела со градењето на тие фотоволтаици мислем дека економски многу ќе помогне на големите компании во Општина Кавадарци доколку успеат тие да бидат кои што ќе го инвестират тоа, како што е Еуроникел, како што е ИГМ, како што се такви компании кој што трошат над 60mw струја на час, за нивно идно опстанување и за нивно идно функционирање во делот на економијата и конкурентноста на пазарот, затоа што можам слободно да кажам дека во Еуроникел повеќе од 60-70% во цената на самото производство учествува електричната емнергија. Тоа се моменти кај што треба позитивно да ги искористиме, позитивно да ги одобриме и да можиме да ги изменаџираме нормално,транспарентно и објективно. Во делот на она што ќе биде тендерирање Општина Кавадарци е единствена општина кај што има донесено Правилник, интерен правилник како, зошто и кога се покренува било која постапка.По донесувањето на буџетот, ние веќе имаме и Програма за јавни набавки и во Програмата за јавни набавки имаме распоред кој тендер, во зависност од природата на тендерот во кој месец се распишува и некој оде во јануари, некој во февруари, некој во март, некој во април, некој во мај така да тука воопшто не се дава приоритет на индивидуална база или на нешто што некој може да го менаџира, нормално дека условно кажано тендерот за зимско одржување ќе го распишиме во месец август за да го имаме во јануари, не може да го распишиме во јануари, во сред зимо кога веќе треба да бидеме спремни . Во делот на компаниите кои што ги имаме и учествуваат на пазарот, односно учествуваат во делот на јавните набавки моето загрижување е малку поинакво од вашето, загрижувањето е затоа што се помалку компании се јавуваат на јавните набавки, се помалку компании добро ситуирани има на пазарот кои што можат квалитетно да ги завршат своите обврски кои што ќе ги земат на тендер. Ние како Општина во последниве 4 години имаме 4 рекламации, 4 сериозни рекламации. Една од рекламациите беше комплетна реконструкција на нов објект, односно на нов тротоар кој што се направи на улица Страшо Пинџур со квадратура од 1200м2, за само 5 месеци се појавија дилетации, се појавија неквалитетни зони на бетонирањето и тој беше отстранет, изваден и одново бетониран на трошок на самата компанија. Исто во моментот компанија која што го изведува кејот,

реконструкцијата на кејот, од Видое Смилевски до Пепето школото се прави комплетна поново реконструкција, пошто не му го примивме објектот поради поголем број на отстапки во самиот објект и по вторпат се реконструира Северен Булевар кој што знаеме дека е делумно оштетувањето од прекуумереното движење на камионите, меѓутоа се утврди дека компанијата имала делумни отстапки во делот на рецептурата на самиот гранулат и асфалт и по вторпат рекламирано си го направија на сопствен трошок и тука можам да ве уверам и да ви кажам дека ниту една компанија нема да биде повластена во делот на изведбата, количините и во делот на квалитетот. Во делот на јавните набавки толку е системот направен да биде добар што ниту еден не може да влијае ниту на една компанија да даде предност или да даде приоритет во делот на конкурирањето на јавните набавки и тоа е добар систем не само за нас него за цела држава поради тоа што можноста за ургирање, привилиговање и други ситуации се става на минимално ниво. Поголемата опасност за мене од по добивањето на тендерот на самата изведба на квалитетот на работите кои што се вршат. За буџетот нема многу да зборам пошто добро го аргументиравте, сте го согледале, укажавте на работите коишто ги има. Сакам само да потенцирам и да кажам дека 12 000 000-те денари кои што ги даваме за спортот претходно беа 2 000 000 денари, овие 4 години даваме по 12. Сакам да укажам и да имате во предвид дека со моето доаѓање и со претходниот Совет и сега ЈП Комуналец добива некаде околу 50-60 000 000 денари за одржување на зеленило, јавна хигиена, перење и чистење, а претходно ако би спомнали кажал дека зеленилото сега е 11 000 000 денари, а претходно беше 2 000 000 денари и тоа е видливо на терен зошто има повеќе зеленило и се одржава при ЈП Комуналец и видлива е уште една работа 160 000 000 денари беше буџетот на ЈП Комуналец, во моментот за 4 години го качивме на 240 000 000 денари, покачувањето е повеќе од дотациите што ги добива од Општината по основ на работи завршени за Општината по м2, чистење, перење, зеленило, хигиена и било како и вториот момент 30 000 000 денари се тие кои што успеавме во претходниот мандат да четирите МХЦ и сега изградбата на петтата ги ставиме со фитинг тарифаповластена за да ги добиеме тие средства од 30 000 000 денари годишно во ЈП Комуналец. Тука и би елаборирал во делот на она што го коментираме и го правиме, законот е многу јасен во делот за задолжување на општините, ние сме ликвидна Општина со добар бонитет и во моментот нашата ликвидност укажува на тоа дека можиме кредитно доколку има потреба да уште 2,5 000 000 евра се задолжиме. Така да воопшто не е ситуацијата да речеме дека ние сме во лоша ситуација или недобра ситуација или не сме ликвидни како Општина. Капиталните објекти кои што се градат знаете дека се за наредните 30, 40, 50 години, не се за еден ден , граѓаните тоа добро го гледаат и мислам дека ќе им служи во делот на нивното секојдневие и во делот на безбедност, хигиена, култура во делот на градот и во делот на спортски град кога Кавадарци тоа и го заслужува отсекогаш и во делот на ракометот и во фудбалот, успеавме фудбалот да биде во прва лига, ракометот ни е во супер лига, кошарката веќе ни е секако во таа супер прва лига и мислам дека имаме многу што да вложиме, а не да изгубиме. Во делот на презентацијата претходна што ја имавте на ЛЕАП денеска јас сакам

службите да ви поделат на сите по една книга и да се заблагодарам за целокупоното учество на сите оние кои што учествуваа по групи во овој ЛЕАП со важност од 22-28 година, претходно немавме донесено Еколошки Акционен План, само за информација ви кажав и пошлиот пат оваква документација да се изработе ако го пуштивме на тендер кошта меѓу 50 и 60 000 евра цена пазарна, а ние го изработивме со нашите стручни структури, со ПО при министерствата, со луѓето од невладиниот сектор и тоа е еден голем, голем бенефит и успех за Општината и ве уверувам во иднина се што можеме сами да сработиме и направиме да биде легитимно и да биде транспарентно тука домаќински ќе гледаме да сами си ги сработиме оние основни работи кои што можиме да ги сработиме.Тука исто имаме мал број софтвери направено, имаме мал број на програми благодарение на нашиот IT Сектор кој што воопшто не ја коштат Општината, а функционира системот како еден систем кој што треба да го има во електронска верзија. Во делот на амандманите што се поднесени јас би предложил да ги разгледаме, меѓутоа би побарал ако дозволите да има една кратка пауза, да ги издискутираме затоа што сепак сега првично ги гледаме и да укажам само на две работи дека невладиниот сектор го оставивме на 3 000 000 денари годишно што е едно поздравување, едно спуштање на Општината при реалниот сектор, во делот на спортистите Амандманот треба да го разгледаме добро и само да елаборирам нашата анализа која што ја направивме во делот на бесплатниот превоз на ученици и јавен транспорт ми се чине дека Вуко спомна околу 9 000 000 денари, меѓутоа тоа треба да го усогласиме и затоа сакам пауза да направиме само би елаборирал во тој дел, наша анализа дека треба да се набават автобуси со 50 седишта 3 автобуси, минибуси до 15 седишта 3, возила со патници до 6 патници 3 возила. Тие се со 6 патници за децата со хендикеп кои што ги транспортираме секојдневно и ги возиме индивидуално. Треба да се набави софтвер за наплата на јавниот превоз, инфо картички, каси, светлечки инфотабли и тука е некоја сума ставена и плати сме ставиле за 6 вработувања во делот на Д категорија оние што треба да експонират со возењето како возачи и нормално други трошкови не сме оптеретиле, пошто планираме тоа да го направиме при ЈП за паркирање и некаде излегува цела сума од 18 000 000 денари без тековни трошкови на одржување и гориво. Затоа сакам малку да седниме и да видиме, меѓутоа тоа е првична сума, не значи дека не е оправдана, можеби за 4,5, години економски е прифатливо оправдано, али да го издискутираме и да го видиме пошто ова веќе 6 месеци го работиме како анализа, благодетот би бил пак на име на граѓаните затоа што ќе имаме унифициран превоз за децата, нормално тука треба да биде безбедноста на прво место, второ ќе имаме поредовен јавен превоз, тука учествуваме и во екологија, учествуваме и во стандардот на граѓаните и доколку успееме ова сето да го направиме јас би предложил во иднина да оние села кои се одалечени повеќе од 3 km од градското подрачије да имаат два пати дневно бесплатен превоз, да имаат 4-5 линии дневно, али од тие 2 бидат бесплатни и за пензионерите сите би направиле една отстапка да пензионерите добијат комплетно бесплатен јавен превоз. Значи тие сите работи мораме да ги искалкулираме и да ги ставиме на хартија да видиме дали економски би се покриле, а и да не се покриеме мислам дека можеме со други средства да

дополниме како дотации за да биде функционирањето подобро. Значи тука би застанал и би кажал да направиме кратка пауза за да ги елаборираме амандманите .

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалникот спомна доста работи, ќе почнам со првата работа. Тоа е во делот на капиталните дотации кои што ги добивала Општина Кавадарци од страна на централната власт. Значи не е спорно дека се изработени проекти од страна на општинска администрација, меѓутоа во претходниот мандат како единствен градоначалник кој што доаѓа од редови на опозиција не беше во ниту еден дел запоставен, токму првенствено само заради таа причина што потекнува од спротивна политичка опција, за разлика од претходен период кога тоа беше. Да, да точно е. За разлика од претходниот период. Ние забораваме како било претходно, како било сега. Значи не беше ниту еден проект само заради таа причина одбиен и централната власт одлучи да инвестира во општината. Тоа е едната работа. Втората работа во делот на превозот. Јас мислам дека може да се направе и сукцесивно, да почнеме дел набавка ваа година па да продолже дел и наредна година со цел да го спремиме и мислам дека тие 15 000 000 денара се сериозна заштеда која што ќе ја направи Општина Кавадарци што сега одат за превоз на деца и ученици.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Вака сега пошто граѓанството е објективно. Сега еве тука имаме советници од Левица имаме граѓански советници, имаме од СДСМ ,имаме советници имаме од ВМРО, можеби ќе имаме некогаш Градоначалник независен, може ќе има и од Левица или било како, а може и од СДСМ и од било која опција. Сакам да укажам една работа, борбата на еден човек и на едно општество е во тоа колку ќе успееш. Значи успехот не доаѓа од една единка, ниту од Митко Јанчев, ниту само одслужбите, него визиите кои што треба да ги имаш и да ги спроведиш и до крај да ги реализираш, треба да бидат објективни и јас мислам дека ниту еден нема да биде опструиран од никој, пошто оваа држава е на сите, без разлика кој ја раководи централната власт, локалната власт треба да имаме сразмерно финансирање на сите општини и не треба никој да биде запоставен. Јас сакам како советници да бидете објективни сите и примерно да укажите на една работа, еве јас ме погодува еве вака лично. Општина Арачиново немам ништо против општина Арачиново, данок на имот не знае што е данок на имот, не испорачува решенија на граѓаните. Тие се повлатени граѓани, не плаќаат данок на имот, не му испорачуваат сметки за вода и за канализација, а Владата му додели 40 000 000 денари, еднократна помош по ковид мерки . Тука јас сакам сите заедно да кажиме дека тоа е неисправно, не е во ред и треба политиката да ја тргниме настрана од делот на финансирањето на општините, пошто општините се тие кои ја составуваат и државата инаку за ваша информација, а и добро го знаете тоа Општина Кавадарци да, има добиено доста средства, меѓутоа не се занемарени воопшто и другите општини. Би спомнал дека Општина Велес има добиено 2 000 000 евра средства од Владата за изградба на пазар, во Општина Штип има добиено 2 000 000 евра исто за изградба на мол така да Владата во изминатите 4 години ми се чине дека околу 85 000 000 евра ги даде на распределување по сите општини и ако сме добри ние 5, 6 или 7 000 000 евра тоа е во случајот некаде на рамноправност по бројот на жителите и уште една работа да ја спомниме по

основ на улици и патишта Владата преку Светска Банка додели 50 000 000 евра од кои што ние земавме 1 200 000евраи тоа ниту на еден друг начин не е поделбата туку поделбата е по број на возила која општина има колку регистрирано патнички возила, така да за се си има критериум и со државни пари и јавни пари мислам дека треба да има правилници како треба да се распоредат. Тенденцијата ако некој треба некој да го опструира е само на штета на жителите, а жителите се на сите нас заеднички и мислам дека добар проект, добро менаџирање, искрено менаџирање нема зошто да не биде подржано и за крај да не се караме, да не излезе како онаа ваташката Диме вика Твојто и мојто го натепаа нашето . Така да мислам дека дај ние да си ја завршиме работата, мандатот сега ни почна, овие 4 години да направиме многу повеќе од претходните 4 години.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи кратка пауза за разгледување на амандманите.

Почитувани советници го продолжуваме дневниот ред по извршената кординација на кординаторите од општинското собрание со градоначалникот пристапуваме кон гласање и разгледување на амандман, по амандман . Може да ги добијам .

Почитувани во врска со Амандманот за Предлогбуџетот на Општина Кавадарци за 2022 година каде што се предлага до Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци Амандман кон Предлог буџет за воведување на бесплатен оброк за секој ученик во основните училишта на територијата на Општина Кавадарци по извршената кординација е утврдено дека истите овие средства се планирани како дотација во образованието од централната власт, така да овој амандман на кординацијата не го прифативме, сите заедно во кординација со градоначалникот. Истиот го ставам на гласање.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: За амандманите кои што гидоговоривме можеме ли да ги повлечиме да не ги ставаме воопшто на гласање.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Јас се извинувам само биде напоменато кои амандмани се повлекуваат.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ајде во ред. Во ред не ги ставајте. Значи Амандманот за Предлог буџетот, за бесплатен оброк на секој ученик во основните училишта на територијата на Општина Кавадарци е отфрлен бидејќи истите средства се планирани како дотација од Министерството за образование во тековната 22 година. Потоа вториот амандман за зголемување на Предлог буџетот за зголемување во делот на парични средства за лицата од социјално загрозени семејства. На кординацијата се установи дека во Предлог буџетот за 2022 година има ставено ставка за лица од социјално загрозени семејства и дека ставање на овие парични средства плус ќе допринесат до влошување на социјалниот аспект заради тоа што ќе се јават голем број на лица од начин на нерационално распределба на нив, на самите средства. Така да одлучивме и овој амандман да се отфрли и третиот амандман, тоа е амандман за еднопарична надокнада на спортисти од Општина Кавадарци кои освоиле награда на државно или меѓународнио натпреварување во тековната година. На самата кординација беше утврдено дека со новата Предлог – Програма што е ставена денеска на дневен ред како претпоследна 50-та точка е точно определена распределба на

средствата за спорт, односно издвоени се колективни од индивидуални спортови и индивидуалните спортови се тангирани според начин функционирање по лиги, јачина на првенство, по начин на излегување на меѓународни натпревари, членарина кон клуб се плаќа, не се плаќа, тоа Програмата ќе ја разгледаме во 50 – та точка така да сите на кординацијата ја отфрливме и оваа точка. Остануваат два амандмани кои се прифатени. Тоа е првиот амандман кој сега ќе го ставам на гласање, значи тоа се предлага до Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци амандман за стипандирање на 10 ученици кои завршиле средно образование со најдобар успех во износ од, беше понудено од советникот 120 000 денари, меѓутоа на кординацијата Градоначалникот заедно со нас се договоривме таа да не биде 120 000 денари, туку да биде 240 000 денари, значи тоа се однесува за лица кои имаат завршено средно образование еднократна помош за нив, кои постигнуваат најдобри резултати по матура во трите средни училишта на територијата на Општина Кавадарци, тоа е Гимназијата, тоа е Земјоделското и Индустриското средно школо кај нас. Значи Правилникот за еднократна помош е еднаш се дава еднократно на лица со најдобро бодирање според Правилникот на трите средни школи. Значи Амандманот беше за 120 000 денари , Градоначалникот заедно со кординацијата предложија да биде 240 000 денари и сите едногласно го усвоивме. Сумата од тие 240 000 денари предвидени во тој буџет е 12 000 денари еднократно од дете, за 20 деца по 12 000 денари.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Нека влезе во Заклучок дека треба да се донесе од страна на службите Правилник за бодирање на учениците.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред. Кој е за вака предложениот амандман да го ставам на гласање за стипендија на учениците од средните училишта на територијата на Општина Кавадарци. Сите едногласно. Со тоа е усвоен овој амандман.

Останатиот амандман беше прифатен во целост на кординацијата со Градоначалникот. Тоа е се предлага до Градоначалникот и Советот на Општина Кавадарци амандман кон Предлог буџет за 2022 година за купување на 3 автобуси кои ќе се користат за вршење на превоз на учениците од Општина Кавадарци. По дискусијата и размислувањата кои ги оствуаривме на кординацијата со Градоначалникот се установи дека овој амандман на советничката група на СДСМ се прифаќа во целост. Истиот тој амандман го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно.

Со тоа се исцрпени амандманите од страна на советничката група. Уште еден амандман се извинувам.Тоа е амандман за еднакви можности, амандман кон Предлог буџет на Општина Кавадарци за Комисијата за еднакви можности. Тоа се предвидуваат финансиски средства од 100 000 денари токму за таа активност во Предлог буџетот за 2022 година. Кој е за. Амандманот е едногласно усвоен.

Почитувани збор конБуџетот на Општина Кавадарци само уште на советникот Јован Златевски и одиме кон гласање на оваа точка..

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Почитуван Градоначалник, почитуван Претседавач на Совет, почитувани колеги советници, почитувани граѓани, почитувани медиуми јас имам еден друг пристап ќе дадам на погледот мој врз Предлог буџетот и сите што дискутиравте, дискутиравте првен од приходната

страна, јас првен ќе почнам од расходната страна. Затоа што голем дел од расходната страна е добра, ама првен би почнал од таму, после па како би се оствариле тие средства, оти сепак ова е предлог буџет, ова е предвидување и на сите нас треба да ни биде јасно дека колку средства би се обезбедиле толку ќе имаме зза трошење, односно ако сакаме да потрошиме повеќе средства, да ги намениме правилно, значи треба да настојуваме поголеми средства да се обезбедат во буџетот. Во делот на расходната страна вредно е да се напомене дека на сметката 40 Приходи од плати и надоместоци за администрација, Градоначалник и Совет на Општина има предвидено 71 832 000 денари, тука би ја додал и сметката 427 Привремени вработувања, планирани во износ од 24 495 000 денари. Овие привремени вработувања што беше вака индиректно дискутирано со повеќе колеги советници се планирани за привремени вработувања во Општина Кавадарци и привремени вработувања наменети за вработени во општинските институции и тоа во детска градинка, школи и други општински институции. Само да напоменам дека овие вработени лица јас лично не сум за да се отпуштат од работа или да не им се пруже можност да продолжат со работа. Тоа да бидеме начисто, меѓутоа да се настојува во наредниот период со оние кои што заминуваат, напуштаат од работа, дали поради наоѓање на подобри работни места, дали поради пензионирање или не дај боже смрт, кога се испразнуваат некои работни места да се надополнат со овие лица кои што се водат како привремени вработени лица.Зошто тоа го викам. На првата средба на кафе муабетот што ни беше после изборите во кабинетот на Градоначалникот тој даде еден предлог за да не се зголемува бројот на вработените во администрацијата. Јас со двете раци се сложив тогаш и сакам така и да остане и понатаму, а ако се испразне, ако се ослободат работни места во Општината или во некои институции други да се надополнува со овие вработени, со исклучок ако нема таков кадар од овие лица и да им се пруже можност на тие лица во иднина да си бидат пријавени како лица на неопределено време, затоа што тоа им пречи нив, они сакат да си аплицират за кредит или за некои други привилегии што ги пружа вработено на неопределено време лице или на лица привремени вработени, се има зошто и како. Овие ставки двете администарација, градоначалник и совет и сметката 447 привремени вработувања чинат некаде околу 2,23 % од вкупниот буџет. Таа не е голема ставка, тука треба да се има во обзир во иднина, тоа не е предвидено како што се спомна во дискусиите дали покачување на струја, дали покачување на минимални плати. Значи може овој износ да биде и со тенденција на зголемување. Значи не значи дека тоа се тие средства и дека во иднина нема да има потреба да се зголеме овој износ и нека се зголеме и јас сум и тие да имаат право да им се зголеме платата, ама да бидат максимално искористени на сите нивни, секој да даде максимум на нивните работни места. Во образованието е планирано да се реализират 401348 000 денари, тука спаѓаат и основното и средното образование. За стоки и услуги тука се комунални услуги, греење, комуникации, транспорти и други 120 883 000 денари. Поправки, тековно одржување 44 962 000. Останати расходи за културно историски традиционални настани, одбележување нивно, за опремување и уредување, за донации, дотации и спрема општествените институции 290 000 000 денари и за капиталните инвестиции не сакам да ги

повторувам напишани ми се тука сите по ред, сум извадил дека тука би требало да се потрошат 218 881 595 денари или само 20% од вкупниот буџет и сега се поставува прашањето дали е овој развоен буџет,дали овој буџет не е развоен. По некои нормативи би требало да биде околу 30% за да биде развоен буџет, меѓутоа и тоа не мора така да значи. Сакам ова го зборувам на сите да ви биде јасно дали ако ние во некој нареден период немаме некој булевар за градење, некои капитални инвестиции, дали ние ако овие средства би ги насочиле во образованието, едукацијата на младите, дали тогаш ќе викаме овој буџет не е развоен, значи има и така и така, меѓутоа сметам дека и тоа што е ставено е доволно само дали е па правично распоредено, мислам дека можело да се ставе дел за имплементација на ЛЕАП Програмата, нема одвоено ниту еден денар за имплементацијата на ЛЕАП Програмата. Ова програма што ја усвоивме сите ја посакуеме, за време на кампањата сите зборувавме дека сакаме да имаме чиста еколошка средина, донесена е програмата, програмата е за 6 години и не сакам да ја доживееистата судбина како програмата што била 2012 донесена, а не се имплементирала. Значи би сакал за овој дел, јас предложив и минатиот Совет на комисиите што беше за соодветната комисија предложив да се формираат овие работни групи што го правеле Акциониот План да си останат исти и плус да бидат надополнети со дел од советниците и со максимални напори да се потрудиме до крајот на трети месец да се изготват целите кои што треба да се постигнат за 2022 година, затоа што во Акциониот План точно е наведено цел која што треба да се постигне и мерки кои што треба да се преземат. Некои од колегите ми рекоа за оваа дискусија зошто не поднесите амандмани. Јас не знам колку би бил износот за остварување на тие мерки, за реализацијата на тие мерки и затоа сакам во наредниот ребаланс на буџетот да има и ставка каде што точно ќе се знае за кој дел, за која цел кои мерки треба да се преземат и колку ќе чинат тие финансиски, колку ќе не чинат тие мерки и сакам за наредните овие 4 години додека е нашиот мандат голем дел од оваа програма да се реализира. И имам забелешка у делот на развојот на руралните подрачја има одвоено само 8 100 000 денари. Сметам дека тоа е малку, меѓутоа оставам во делот на реализирањето на Акциониот план од ЛЕАП Програмата да се стават и тие зголемувања на средствата за развој на тие подрачја, каде што не мора за сите рурални подрачја, меѓутоа да се заземе став кои ќе бидат привилигирани во ова година, во 22-ра година, кои во 23-та година, кои во 24-та година односно ние треба да направиме еден план долгорочен како што е редот и тоа да биде во почетокот на 22-ра година за да се знае кој дел, во која година значи се развива и јас сакам на крајот на 22-ра година да кажеме дека тие се веќе заштитени зони, тие се направени со сите културно-историски споменици, заштитени патишта, туризмот така ќе го развиваме дел по дел, ние ништо не сме направиле ако го правиме патот само до населено место, до тоа населено место туку да одлучиме за одредени оедени области, да направиме се што треба, да се направи план, стратегија и така да одиме дел по дел етапно. Е сега во делот на приходите. Во делот на приходите имаме,факт е дека прераспределената добивка од ЈП Комуналец не можиме да ја оствариме во целост, ЈП Комуналец да оствaре толку добивка,па да ни ги префрле средствата во општинскиот буџет и ние да ги искористиме ние, меѓутоа тука има и друго

нешто што приметив дека ако во минатата година имало приходи од Светска банка или приходи од некои други финансиски институции, во оваа година не ги гледам тие бројки, што значи за ние тоа да го направиме, тоа бара максимално да се ангажираат службите, вработените во нашата Општина и ние како советници со апликација, со готови проекти за да можеме да се извлечат поголем број на средства врз основа на тие апликации имаме можност, праксата покажала дека може тоа да биде, меѓутоа за да се реализира во амбициозен буџет мора и ние максимално да се ангажираме како советници и како администрација.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Во делот на руралните средини, ние во буџетот да имаме предвидено програма, меѓутоа морам да ве информирам дека тековни проекти кои што не се отпочнати, а кои што ги имаме добиено од Бирото за регионален развој со 50 50 ми се чини учество тоа е патниот правец од Чемерско до Бохула и улиците во село Бохула кои што треба да се завршат, исто колекторскиот систем во село Возарци е веќе отпочнат од минатата недела,ќе се работе колекторскиот ситем, исто водоснабдителниот систем за Брушани, Брушанско и целокупниот дел кој што е комплетен грант од 600 000 евра, исто патот од Дреново до регионалниот пат со исклучок на Дреново од 4 km со 550 000 евра исто грант кој што го работиме и очекуваме 22-ра година да испаднат програмите преку ВП и преку Дирекцијата за регионален сразмерен развојпо мерки 321, 322 и 323. Ние во програмите наши ги ставивме како идни очекувања и предвидувања. Проекти веќе имаме дефинирано и изработено со кои проекти ќе аплицираме. Така да затоа нашиот буџет не го оптеретуваме со ставањето директни средства во тој дел пошто очекуваме да испаднат тие програми при Министерството за култура и преку Дирекцијата за регионален развој, преку Министерството за локална самоуправа, ќе има повик и преку Министерството за животна средина за екологијата, ќе има повик и Министерството за економија односно секторот за води и од таму се добиваат средства, така да имаме доста можности за апликации и во делот на поврзување на развојот, меѓутоа и за поврзувањето на село град или село со село. Исто така патот кој што сакаме да го имплементираме во договор со Неготино, Демир Капија, тоа е патот улица Дисанска до Долни и Горни Дисан, тој веројатно ќе оде по мерка 322, заедничка апликација да ни биде со Неготино како поврзување на двете населени места, односно град со село Дисан и агромерните станици коишто веќе тендерот е распишан и треба некаде до месец март, април да бидат поставени, тие се грант преку Плански Вардарски регион кои што ги имаме добиено и територијално возило за противпожарната единица од 100 000 евра, тоа се средства заштедени при ВПР каде што тендерот е распишан и треба да се набават 4 противпожарни возила до 10 тона кои што ќе бидат поделени односно ќе ги поседуваат Кавадарци, Неготино, Св. Николе и Велес како ТППЕ. Ќе има уште многу нови повици и многу можности кои што ќе ги следиме и во моето претходно обраќање кажав дека ЛЕР како сектор е најбитен во Општината за да може тие такви повици и сите други елементи што ги има во делот на грант, на енергетска ефикасност, еве морам тоа да го спомнам преку Влада добивме 2 800 000 денара, сега се смени ја прозорите на Општината, па ќе се менуваат прозорите уште на две, три подрачни единици, школи исто така СОУ Ќиро Спанџов Брко доби 600 000 евра грант од КF Програмата германска, меѓутоа и ги имаме

аплицирано проекти за комплетна реконструкција на 3 училишта, а тоа е Страшо Пинцур, кој што веќе е одобрен проектот при Министерството за образование и комплетно ќе се реконструира Страшо Пинцур школото со санитариите, во Возарци комплетна реконструкција на целото училиште од кров, подови , санитарии и се внатре и ССУ Ќиро Спанцов Брко ми се чини околу 36 000 000 денари и таму се одобрени комплетна реконструкција и на спортската сала, меѓутоа и на самото училиште внатре, ние мораме да се трудиме максимално да привлечиме средства кои што ги имаме на располагање или се идни на располагање во делот на Влада, на агенции, на рурален развој или било како за да што помалку нашиот буџет го насочиме во делот на таквите инвестиции, а нормално буџетот го насочиме продуктивно во капитални инфраструктурни објекти кои што се во интерес на сите граѓани без разлика од која месно население доаѓаат, така да очекувам 22-ра година да има многу повеќе повици пошто тие се на 4-годишна програма како повици, баш 22 година ние ќе ги имаме тие можности да аплицираме. Во делот на привремените вработувања еве и нека биде ова покана за сите советници во понеделник во 11 часот се отвара званично новата градинка на улица Ресавскакоја што е веќе завршена. Ќе дојде и министерката за труд и социјална политика, па добро е и од ваша страна да слушниме, исто и од мене писмено е укажано и усмено дека ние 46 вработени имаме преку Агенцијата за времени вработувања кои се дадени на детската градинка за негуватели, воспитувачи и технички персонал. За тие сите треба Министерството за труд и социјална политика преку Министерството за финансии да ни одобре решенија и да можат луѓето да работат на неопределено време, а со тоа нас ќе не растеретат да овој буџет не го истрошиме за Привремени вработувања , верувајте дека 60%,-70 од таа сума која ја кажуваме за времените вработувања одат токму во детската градинка, а тоа е речиси обврска на Министерството комплетна. Верувам дека наредната година тие ќе ги решиме со решение на неопределено време и во делот на привремените вработувања како и што кажав на првото кафе како што рековте јас стоам зад тоа и би сакал еве да не ја оптеретуваме денешната седница меѓутоа на наредна седница тој Меморандум за мониторинг на вработувањата доколку сте согласни сите или делумно или мнозинство да го потпишиме заеднички како Меморандум за вработувања идни, да се обврзиме што значи идно вработување во јавниот сектор, во Општината, во ЈП Комуналец или во било која институција што е под ингеренција на Општина Кавадарци. Ленче тоа нека биде за следниот совет како точка, доколку се усогласиме јас сум спремен да го потпишиме и да биде само оправдано опразнето празно место по основ на она што значи пензионирање или отсуство од икс причини. Во делот на образованието немаме потреба да бидеме загрижени, затоа што таму нема ниту можност, ниту пак никаква друга шанса некој друг да вработе доколку нема упразнето место или боледување хитно, неодложливо или било какво, тука се јавните институции и Општина Кавадарци да се обврзиме да неоптеретуваме во делот на новите вработувања, меѓутоа можам и слободно да кажам затоа што успехот на Општина Кавадарци токму е тоа што постигнавме 400 000 000 реализација на основен буџет и 500 000 000 предвиден за 22-ра година. Единствено благодарение најголемо на заложбата на сите вработени во

Општина Кавадарципоготово на секторите. Со моето доаѓање ги пополнивме местата од внатрешните вработени со распределување на самите секторски позиции, претходно имаше доста вакум период кај што пример имавме и сектор или одделение каде што нема раководител или пак има раководител, па 5 празни места и фактички немавме тим за функционирае и во делот на одговорноста,меѓутоа и во делот на реализацијата и можам да кажам дека со тоа унапредување дека делумно 80%, 85% од вработените во Општина Кавадарци со самото унапредување и бодирање им се зголеми и нивното нето приход, односно плата. Тоа е заслужена работа, мислам и оправдана и од граѓаните, затоа што работењето на Општината, односно вработените на Општината се огледало на цел град, кај што мислам дека треба да биде најобјективно, транспарентно и навремено да се функционира и да се работе.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Бидејќи го исцрпивме претресот по првата точка

1. Предлог-Буџет на Општина Кавадарци за 2022 година;

Истата точка ја ставам на гласање.Кој е за. Значи Предлог-Буџет на Општина Кавадарци за 2022 е едногласно усвоен.

2. Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

3. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на административните службеници за 2022;

Отварам претрес по оваа точка.Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

4. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на помошно техничките лица вработени во Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

5. Предлог-Одлука за утврдување на вредноста на бодот за платите на платите на вработените во ТППЕво Општина Кавадарци за 2022 година;

Бидејќи никој не бара збор, истата точка ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

6. Предлог-Буџетски календар за подготовка и донесување на Буџетот на Општина Кавадарци за 2023 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

7. Предлог-Одлука за благајнички максимум за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка.Никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

8. Предлог-Одлука за резервирани средства за експропријација во Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.

9. Предлог-Програма за работа на Совет на Општина Кавадарци за 2022 година;

Ја имате програмата. Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, значи Програмата за работа на советот на Општина Кавадарци за 2022 година е од отворен карактер, така да било кои прашања и проблеми што се во интерес на граѓаните на Општина Кавадарци и што имаат битно значење ќе бидат инкорпорирани во програмата што ни е предвидена за наредната 2022-ра година. Кој е за овој предлог, го ставам на гласање. Едногласно усвоен.

10. Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште на просторот на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

11. Предлог-Програмаза изградба реконструкција и одржување на локалнитепатишта во Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање.Значи колеги ве молам кога е гласањето да бидеме поконцентрирани бидејќи да бидеме поекспедитивни. Значи кој е за. 13 за, воздржани 5.

12. Предлог-Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

13. Предлог-Програма за комунални дејности за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање.

14. Предлог-Програмаза активностите на Општина Кавадарци во областа на јавното зеленило за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

15. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на јавна чистота за 2022 година;

Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Повели се извинувам.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Програма за јавна чистота значи со новиот буџет се планирани дополнителни 500 000 средства, значи програмата 14 000 000 денари. Знаеме дека во последните години многу се направи на ова поле значи јавната чистота, квалитетот на јавната чистота е зголемен, но тоа не значи дека не може да биде уште повеќе и уште подобро, посебно треба да се обрне внимание во делот на периферииите од градот, во селските средини и знаеме дека има уште некои места во градот што треба почесто да се прави контрола и да на тие места се зголеми јавната чистота. Исто така сакам да споменам дека треба повеќе да се обрне внимание луѓето што ја одржуваат чистотата во градот, во нивната опременост, со соодветна опрема, значи облека, работна униформа и така натаму со оглед на пандемијата и условите во кои работат, без разлика дали станува збор за зимски услови или летен период и имам едно прашање, разговарав со Горан на паузата, но пак сакам да го искоментирам и на јавната седница околу финансиот дел околу прибирање на средствата, значи ние како граѓани плаќаме сметки, во нашите сметки во Комуналец стои трошок за јавна чистота исто и за зеленило, ги плаќаме

сметките, тие средства одат во Комуналец, е сега од Комуналец се префрлуват на сметката на Општина Кавадарци и потоа Општина Кавадарци ги враќа пак во ЈП Комуналец. Веројатно значи ЈП Комуналец си фактурира на Општината износ колку што треба да се плати врз база на сите овие пресметки тука што се дадени во самата програма, детално се дадени по улици, по број на чистење итн. но прашањето ми е во тој дел зошто средствата се префрлаат прво во Комуналец , во Комуналец до Општината и пак се враќат во Комуналец. Нели е поедноставно да речиме да се фактурира, од фактурираното на Комуналец кон Општината само да се исплати таа разлика на средства, зависно сега дали Општината дава дополнителни средства, финансира од тоа што е прибрано од граѓаните или има некоја разлика што останува од тоа што го платиле граѓаните спрема ЈП Комуналец. Мислам дека бев јасна Горан.Тоа е само и мораме да обрнуваме и секој буџет нареден нека има плус средства за јавната чистота и може како совет да обрнеме внимание и малку на зголемување на активности во делот на зголемување на свесноста кај граѓаните за одржувањето на јавната чистота. Значи за да биде градот почист не зависи само од Општината, не зависи од ЈП што ја одржува чистотата, него зависи и од нас како граѓани и значи тука можеме малку повеќе да спроведиме такви активности и во селектирање на отпадот, значи мораме да бидеме во тек со времето, значи селекција на отпадот, тоа можеме да си го дозволиме како град .
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика. Повели Кузмановски.
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Благодарам на прашањето на колешката советник. Значи во делот кадешто кажува колешката за HTZ опрема и нели подобрување на условитена вработените одговорно тврдамзначи HTZ опрема добиваат, но добра е и сугестијата сметам доколку нели има потреба и може да се предвидат и поголеми планови и вработените да можат да си добијат комплетно HTZ опрема согласно План и Програма и доколку нели предвидуваат и ковид мерките и дополнителна. Во делот на прашањата што ги прашавте за приходите од ЈПП, од Зеленило, таму се и градежна група, значи согласно Законот за Локална Самоуправа Општината се грижи за тие дејности, односно за тие области. Значи Општината согласно Закон за јавни претпријатија, дали приватно претпријатие, дали јавно претпријатие, во конкретниовслучај јавно претпријатие. Граѓаните што ги плаќаат тие обврски по ЈПП по јавно- прометни површини, под Зеленило, да, тие приходи ги собира Јавното претпријатие, но ни ги книже на класа 2, односно на обврска и после врз основа на наплатените средства ги пушта односно се одлеваат во општинскиот буџет. На тој начин Општината ги прибира тие средства, но во конкретниот случај ние каде што имаме наши вработени, наши трошоци за гориво,, амортизација, нови возила ние пак правиме ситуации месечни каде што и фактурираме на Општината во тој случај тоа е законски така и не може да се изврши никаква промена, тоа се регулирани со неколку закони конкретно нели ако сакате да знаете може и писмено по тој член од тој закон да ви се обратиме иначе, гледам добронамерна беше сугестијата и во тој дел не може ништо да направиме бидејќи е регулирано така со закон.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧЕ РАМОВ: Предлогот го ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

16. Предлог-Програма за управување со отпад на територијата на Општина Кавадарци за 2022 година;

Бидејќи никој не бара збор ова точка ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

17. Предлог-Програмаза заштита и благосостојба на животните - третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот - за 2022 година;

Дали некој бара збор.

СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Почитуван Градоначалник, Претседател на Совет, колеги советници, медиуми, општинска администрација и сите гледачи. Вака сега во Предлог- Буџетот по Програма ЈП Комунални дејности предвиден е износ од 7 000 000 денари за изградба на објект за згрижување на бездомни кучиња. Во програмата не сретнавме никаде дека е предвидена изградба на објект за кучиња односно само нивно уловување, вакцинирање и кастрирање и во случај на опасност од заразна болест и умртвување на кучињата. Значи ме интересира и прашањето ми е пошто во една од претходните седници изјавивте дека ќе се гради објект. До каде е постапката, тука е само паушално наведено, пошто во програмата не стое објект за изградба за згрижување на кучиња.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Да точно е така. Ние мораме да ја продолжиме дејноста која што до сега ја имаме за уловување, кастрирање и за третман на кучињата се додека не го изградиме тој стационар. Сега носиме буџет, каде што во буџетот ставаме 7 000 000 денара врз основа на проектна задача која што ја имаме направено за изградба на стационарот . На наредниот совет ќе биде таа програма достапна врз основа на донесениот буџет кој што го носиме денеска и после тоа да се направи програмата за изградба на самиот стационар. Со изградбата на стациоинарот по автоматизам ќе прекине и првата точка која што ќе се дуплира во тој дел, него ќе го имаме стационарот комплетен за кастрирање,згрижување,вдомување и за третман за животни бездомници. Затоа и не е ставено сега во Програма него после буџетот ќе се направе Програмата.

СОВЕТНИЧКА ДАНИЕЛА ИВАНОВСКА: Значи во една од наредните седници да очекуваме програма за .Во ред.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ова точка ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

18. Предлог-Програма за спроведување на општите мерки за заштита на населението од заразни болести во 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

19. Предлог-Програма за изработка и донесување на урбанистички планови во Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

20. Предлог- Годишна Програма за поставување на времени објекти на подрачјето на Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ја разгледував оваа програма и мислам дека има одредени нејаснотии кои што треба да се објаснат за какви објекти станува збор, гледам дека се однесува на одредени паркиралишта, паркинг места, би се наплаќало, неби се наплаќало мислам дека не е добро конкретизирано во програмата, затоа барам соодветно објаснување.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во ред. Дали има некој од општинската администрација тука. Во ред. Повели Симоновиќ.
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ ДРАГОСЛАВ СИМОНОВИЌ: Почитуван Претседател, почитуван Градоначалник, советници и останати присутни. Оваа програма ја носиме секоја година, еднаш во годината или ако има потреба за некое дополнувањеја носиме со некои дополнувања и измени. Сега во конкретниот случај оваа програма ја носиме заради дефинирање на конкретна цел, тоа е одредување на локација за поставување на времен објект за Еколошкото друштво Еко живот во паркот. Таа локација ја дефинираме сега со ова програма, а претходните локации што ги гледате сега во програмата се дефинирани уште во претходната програма. Тоа се локации за дефинирање на автобуски стојалишта, за дефинирање за поставување на санитарни јазли на поедини локации и тоа се типови на времени објекти кои што ги користиме за потребите на Општина Кавадарци, а ги дефинираме како локации со оваа програма . Тоа е конкретното објаснување . Ако има некое посебно барање тука се и локациите за канделабрите за поставување на билборди и сити лајтови. Значи во таа програма се опфатени сите тие времени објекти или реквизити кои што се користат за потребите на Општина Кавадарци. Ако има нешто дополнување.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Цветанка дали вие би надополниле нешто во врска со исказот на Симоновиќ.
РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ ЦВЕТАНКА ЛЕКОВСКА ТОДОРОВА: Годишната програма за времени објекти е добиена врз основа на согласност од Министерството за транспорт и врски и секоја година е законска обврска да ја обновуваме само на Совет на Општина Кавадарци за наредната година, а е со важност до донесување на ДУП-те кои што ни се во постапка, по добивање на согласноста на тие ДУП-ови оваа програма ќе стане ништо.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

21. Извештај за реализацијата на Програма за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2021 година;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

22. Предлог-Програма за Локален економски развој на Општина Кавадарци за 2022 година;

Бидејќи никој не бара збор ја ставам точката на гласање. Кој е за.

23. Предлог-Програма за развој на невладиниот сектор на Општина Кавадарци за 2022 година;

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: На претходната седница на Совет донесиме Стратегија за развој на невладиниот сектор за наредните 4 години, сега следува програмата конкретно за оваа година. Зголемени се средствата, што е добра работа мислам

дека треба да продолжиме да го јакниме невладиниот сектор и во наредниот период и тие средстав да се зголемуваат дополнително, а она што му го сугереирав во дел на службите е во делот на бодирање и оценување на проектите, бидејќи поголемиот дел од невладините организации немаат соодветни капацитети да ги исполнат критериумите кои што беа поставени по програмата за UNDP и мое барање беше со цел да им овозможиме, да им дадеме шанса и на тие невладини организации да сработат одредени проекти да гледаме начин како да тие критериуми ги спуштиме бидејќи не одговараат на она што е реална ситуација на терен во делот на невладиниот сектор и тука мислам дека таа работа мора да ја направиме бидејќи тие 3 000 000 денара на крај или би ги земале неколку поголеми невладини организации или истите би останале нереализирани односно неискористени до крај, да не ни пропадне програмата и средствата јас го предлагам тоа и мислам друга работа која што ја предлагам да Општина Кавадарци да се ангажира многу повеќе во дел на зајакнување на капацитети на невладиниот сектор за пишување и реализација на проекти, мислам дека со ангажирање на одредени консултанти мислам дека можеме да им помогниме на тие невладини организациии, да им ги зајакниме нивните капацитети и секако како невладин сектор работат теми кои што се општествен и јавен интерес би имале придобивки сите граѓани на Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Тука би сакал да му реплицирам на колегата советник, значи Општина Кавадарци со оваа програма не само што одредува финансиски средства, него и му овозможува и секаква стручна помош доколку им е потребно на сите невладини организации.,Значи во програмата е веќе предвидено тоа, така да мислам дека треба да се земе во предвид.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧЕ РАМОВ: Контра реплика.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Мој предлог беше во дел на ангажирање на Општина Кавадарци на консултанти кои што работат со реализација, со пишување и реализација на проекти да Општина Кавадарци ангажира такви лица кои што ќе прават обуки на лица од невладин сектор, значи не станува збор за стручна помош од страна на службите, туку станува збор на јакнење на капацитети во дел на ангажирање на луѓе кои што се стручни за таа работа, значи има и посебна комора ми се чини за луѓе кои што се бават професионално со таа дејност . Тоа беше мојот предлог, да ги јакнеме на тој начин капацитетите на тие невладини организации.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Пошто не гледам тука никој од ЛЕР морам да ви укажам дека за 2 години имаме спроведено повеќе од 12 програми во делот на едукацијата, адаптирањето и насоките на невладиниот сектор. Тоа го правиме преку UNDP, го правиме преку Европска унија канцеларијата и ни го вршат бесплатно како обуки, така и како кординација заедно со нив, пошто нашите 3 000 000 денари кои што ги даваме ние во делот на невладината организација, ги даваме по Правилник, меѓутоа претходните 4 години ние добивме некаде околу 200 000 евра сретства кои што аплицираа нашите невладини организации и ги добија во делот на нивните потреби, врз основа на аплицирани проекти и едукации од UNDP, Европска Комисија и мислам Американска Амбасада има таков сектор, така да не гледам потреба да трошиме дополнителни средства за едукација на невладиниот сектор кога невладиниот сектор, поготово кај амбасадите и во делот на организациите

како што е UNDP е на највисоко ниво е земен во обзир и речиси сите месеци има по некаков семинар, обука бесплатен, дел од тие обуки се вршеа и токму тука во оваа сала регионално од повеќе општини. Мислам дека таков проект имаше и за претходните советници и Претседателот на Советот доби сертификат во делот на работењето на Советот и сите работи така да има програми, треба да ги следиме тие програми, ги следат нашиот сектор, го следи тоа и некаде на месец и пол, два се организира. За жал последната година и пол заради ковид пандемиите се претежно онлајн, но без разлика се доста корисни и се насочни во делот на апликациите на невладиниот сектор.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Реплика.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака, бидејќи имаме голем број на невладини организации, а претежно активни се 4, 5 мојот предлог беше да и на тие помали невладини организациии, кои што се попасивни, кои што немаат изградено капацитети да ние како Општина им помогнеме и во тој дел и од тоа би имале бенефит сите граѓани, значи проектот што беше со UNDP се реализира, меѓутоасметам дека тие критериум сметам дека пак тие едни исти поголеми невладини организации кои што имаат капацитети да пишуваат и да работат проекти. Само тоа ни останува како јадро здраво за невладин сектор. Јас мислам дека треба да им помогнемеи на овие помалите, кои што се во развој. Тоа беше мојот предлог само.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Само мала кратка релика до колегата. Точно неколку, мал дел на невладини ораганизации се активни во Општина Кавадарци, а имаме повеќе невладини организации, меѓутоа за да може тоа да биде така, треба тие самите да бидат анимирани, да дојдат и да побараат помош. Ние не можиме да им нудиме нешто што они не го сакат. Значи тука во Програмата убаво стое дека ќе им се помага и финансиски и стручно и на секој вид, така да јас ги охрабрувам сите невладини организации, баш од ова место да повелат да дојдат до стручните служби, да се информираат, да знааат што е, кога е каде и како е, кога можат да аплицираат, кои програми ги има за аплицирање, каде можат да делуваат, како да делуваат,ќе им треба средства, нема да им требаат средства, меѓутоа мора и они сами да покажат активност.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ја ставам ова точка на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

24. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор ја ставам на гласање.Кој е за.

25. Предлог-Одлука за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање на културните манифестации по Програмата за активностите на општина Кавадарци во областа на културата за 2022 година на правно лице;

Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Општина Кавадарци има посебен сектор во рамки на општинската администрација Сектор за култура ми се чини или одделение. Има

еден куп на културни институциии кои што се под Општина Кавадарци и сметам дека делегирање на надлежност која што претпоставувам дека се однесува на делегирање на организирање на овие културни манифестации на приватни компании сметам дека е несоодветно и мислам дека Општина Кавадарци со сите културни институции, со секторот може да направи соодветни работни групи или тела коишто би можеле да ги реализираат овие културни манифестации.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Дали некој друг бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за.12 за. 6 против. Усвоена одлуката.

26. Предлог-Правилник за начинот и постапката за делегирање на надлежностите на Општина Кавадарци за организирање и реализирање културните манифестации по Програмата за активностите на Општина Кавадарци во областа на културата за 2022 година на правно лице;

Отварам претрес. Кој е за. 10 за, 8 против.

27. Предлог-Програма за одбележување на годишнини и значајни настани и личности во Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставм на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

28. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на социјална заштита за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

29. Предлог-Програма за активностите на Општина Кавадарци во областа на здравствена заштита во Општина Кавадарци за 2022 година;

Отварам претрес по оваа точка.Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Едногласно усвоена.

30. Предлог-Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци;

Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

31. Предлог-Одлука за давање во закуп на недвижна ствар на КП.бр. 186, КО Фариш во сопственост на Општина Кавадарци по пат на електронско јавно наддавање;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за.

32. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 66/21 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Бидејќи никој не бара збор, ја ставам на гласање точката.Едногласно усвоена.

33. Предлог-Одлука за давање согласност за склучување на судска спогодба во врска со судски предмет ВПП.бр 48/20 поведен пред Основен суд Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, точката ја ставам на гласање. Кој е за.

34. Предлог-Решение за именување на претставници на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

СОВЕТНИК КРУМЕ БОГЕВСКИ: Почитувани колеги поради тоа што јас ќе гласам против точката осеќам одговорност да образложам зошто. Последната недела имавме неколку кординации и имавме и Комисија за мандатни прашања кај што разговаравме за ова. На тоа искрено јас одев малку загрижен заради тоа што ние сме нели мала партија знаете и сами, а и сметав дека нема да имамспремен кадар кој би бил соодветен за овие одговорности кои би ги имале во Управните Одбори, но на крајот излезе единствениот кој што е соодветен за во ЈП Комуналец за во Управен Одбор беше од страна на Левица предложен, но Левица отстапи од предложувањето на членови на Управен Одбор заради тоа што имаше тука ад хок одлучувања кој ќе биде, повици по телефони имаше тука од страна на независните членови на Советот на Општина Кавадарци, клиентелистичко надавање, едно друго буквално борење за член плус. Мене еве сега не ми се верува дека пред изборите јас се бунев за против предлог измените во Изборниот Законик кој им отежнуваше на независните кандидати да ја поднесат канидатурата, заради тоа што моментално тие клиентелистички барања, вие што ги иматекако на пр. Имавме иницијатива за основање на работни групи во Општина Кавадарци од страна на Советот каде што на работните групи ние само го зголемуваме тој микроменаџмент на јавните претпријатија. Имаме проблем во јавните претпријатија адресирани од вас, адресирани од Градоначалникот ве молам во иднина да дојдите спремни со предлог членови на Управниот Одбор кои што ги исполнуваат сите услови на Законот за јавни претпријатија и кои што се соодветни на таков начин што би можеле да овозможат менаџмент и функционално работење на тие јавни претпријатија. И уште една ствар. Во работните групи јас можно е више да не присуствувам заради тоа што ние освен тиа микроменаџмент што го спомнав, јас сфатив од иницијаторите на тие работни групи имаат и свои интереси кои што сакаат да ги застапуваат во тие групи, а се член на Советот на Општина Кавадарци политичарите , привилегија не смеат да имат заради тоа што оние политичари кои што се привилегирани се оние политичари кои се игнорантни, Доколку ние имаме, доколку ние формираме работна група за подобрување на работата на ЈП Паркинг Кавадарци, а бараме повластици за бесплатно паркирање во Општина Кавадарци ние би биле привилегирани . Така да мислам дека малку треба да обрниме внимание на тоа. Јас сум изненаден и од двете партии и од страна на независните кандидати за пристапот кој што го имаат во Предлогот на членови на Управните Одбори.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Повели Претседателот на Мандатна Комисија Перо Николов.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Комисијата за мандатни прашаања, избори и именувања предлага за претставници на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈП Комуналец да се именуваат следните лица: Александра Кароловска, Македонка Димова, Атанас Ризов, Ласко Кузманов, Ристо Мицев, Гордана Ѓорчева Камчева, Тодорче Грков, Горан Ѓорѓиев, Пере Шемов, Роска Коцева Андоновска,Митко Керов, Спирова Силвана и Богдан Николов.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Репликата е до советникот од Левица, да не испадне нејаснотии. Сите предлози кои што ги доставиме ние не ги исполнија сите услови и мислам дека тоа требаше да го спомниш дека тоа не се однесува на нас. Тоа е

едната работа која што треба да биде јасна, бидејќи јас учествував во двете работни групи. Исто така треба да кажиш дека јас и вие бевме единствени од таа работна група кои што бевме против предлогот за повластено паркирање на советниците. Мислам дека тоа беше.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Добра е оваа дискусија, поготово не само за советниците, него и члеовите на Управните, Надзорните Одбори јас сум застапник да никој да нема повластени тарифи и не заслужуваме, а нема и потреба од таква работа, напротив почињам од сам себеси плаќам годишна карта за мојот автомобил, верувам дека и секој еден од вас или вработен во јавна или државна администрација треба да го праве истото. Доколку во иднина се случуваат такви работи, а верувам дека тоа не може да биде тајна, јас еве го охрабрувам а и доколку има информација и јас лично би ги обелоденил таквите лица што би користеле повластени тарифи или пак не би плаќале паркинг со оглед на тоа дека има некаква функција, па биде привилегован, дали од вработените или од менаџментот на Паркинзи, така да јас ви гарантирам дека на секој еден кој што непрописно ќе биде паркиран или нема да има платено без разлика дали е Градоначалник или советник ќе биде постапено како за секој граѓанин, а и тука беше сега пред малку загриженоста на Тони Нешковски, го гледам пак пушта порака за паркирање пошто истечи, 180 денара го кошта седницата. Ќе си извадиш годишна карта така да тука нема, не гледам никаква привилегија и не смееме да имаме привилегии. Јас предлагам уште 3 саати да трае седницата, уште една порака да прате.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник се слагам со вас. Овластувањата вие ги дадовте претходниот мандат, реагиравме,вие треба да донесите одлука Паркинзи да нема повластена тарифа, да не може јас да користам, ако ја дава. Имаме дадено повластени тарифи. Значи треба да ги укиниме, да нема.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ај да се држиме до точката на дневен ред. Наша точка беше членови на Управен Одбор во Комуналец .
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега да завршам па ти си на ред. Кога ти дава законот и ја и ти и друг и трет користи, ако донесиме одлука во јавното дека нема таква тарифа како ќе користиш нешто што го нема, така сме не селектирани, нема селективност.
ГРАДОНАЧАЛНИК: Да бидам конкретен , не збориме ние за пакети кои што ги продава ЈП, ЈП има пакети кои што може да ги купе секоједен граѓанин, а не мора да е граѓанин од Кавадарци, може и од Скопје да биде. Претходниот Надзорен и Управен Одбор имавте донесено одлука Надзорниот и Управниот да не плаќа паркинзи. Затоа зборам. Епа конкретно сега сакате да кажам, еве ќе кажам.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: За работната група. Пошто беше спомната, да појаснам, само да не биде нејасно. Работната група беше предложена од страна на еден член на работната група да за членовите на Совет има повластени паркинг карти, односно ние како советници да не плаќаме карти . Јас и колегата Круме од Левица бевме против таа работа да биде, да ви кажам тоа е .
СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Значи со колегата од Левица во дел се согласувам, бидејќи јас припаѓам во таа работна група без разлика некои од работната група, некои да може, така спомна Мелов , јас го сфатив човекот дека тоа го кажа во делот како шала, не дека е стварно така значи и ние како ВМРО не сме за

тој предлог и не сакаме никаква повластена да има тарифа и немој да се собира политички поени дека ВМРО е за така или СДСМ е против тоа, значи никој од нас не сме за таква повластица.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Јас се јавив процедурално. Значи заминавме малку во некој подруг тек надвор од дневниот ред. Мислам дека не е коректно вака да се дискутира , да се кажува некој дека не бил за таа работа , а па одреден бил. Ако има некој таков кажете го јавно со име и презиме и да завршиме со таа тема, иако тоа не е тема за разговор, јас сум ниту во Управен Одбор, ниту Надзорен Одбор, ниту ние како советници , било кои функционери, јавни претпријатија, па и одредени сектори кои што се подрачни, некои од министерстата никој не смее да има повластени тарифи и не смее да се одвојува од нели останатите граѓани. Сите треба да бидеме еднакви и да придонесуваме за подобра општество.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ: Почитувани колеги бидејќи малку избегавме од темата, мислам дека доволно е , одиме со гласање на ова точка, а тоа е
Програма за работа на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе„ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе„ Кавадарци;34.Предлог-Решение за именување на претставници на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;
Кој е за. 17 за, 1 против.

35. Предлог-Решение за именување на претставници на Општина Кавадарци во Надзорниот Одбор за контрола на материјално-финансиско работење на ЈП„Комуналец„ Кавадарци;

Кој има збор. Претседателот на Мандатна повели.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања ги предложи следниве лица за претставници на Општина Кавадарци во Надзорниот Одбор на ЈП Комуналец Кавадарци да се именуваат Горан Ѓорев, Андон Лазаров, Александра Мицева, Милица Коцева и Милица Андова.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлогот го ставам на гласање. Кој е за. 1 против, 17 за.

36. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за разрешување и именување на претставници на Општина Кавадарци во Управниот Одбор на ЈОУ Дом на култура„Иван Мазов Климе„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор . Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за.Претседателот на Мандатна повели.
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: На Комисијата за мандатни прашања беше поднесена значи да се именува лицето Благица Илиева за член на Управниот Одбор во Дом на култура„Иван Мазов Климе, .
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Истата ја ставам на гласање точка. Кој е за. 17 за, 1 воздржан.

37. Програма за работа за 2022 година на ЈОУ Библиотека„Феткин„Кавадарци, донесена од Управен одбор на ЈОУ Библиотека„Феткин„Кавадарци;

Дали некој бара збор.Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

38. Програма за работа на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе„ Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен Одбор на ЈОУ Дом на култура „Иван Мазов Климе„ Кавадарци;

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Во програмата за работа на Дом на култура „Иван Мазов Климе„ од Кавадарци се предвидени одредени капитални проекти кои што сметам дека решават одредени проблеми кои што се важни за нормално функционирање на Домот на култура.Тоа е набавка на парно греење,кое што е сериозен проблем, бидејќи во зимски услови немаме соодветно загревање на салата и набавка на опрема за кино. Делот од програмата кој што искрено мене не ми се бендиса е делот на крај е што е наведено дека капиталните проекти ќе бидат реализирани доколку постојат средства и услови од буџетот на Општина Кавадарци . Јас и претходни програми имам гледано, истите работи секоја година се наведуваат, никогаш да дојде ред да се решат. Јас сметам дека овие работи се важни за функционирање на оваа културна институција и мислам дека треба во оваа година да конечно ги решиме, посебно во делот на загревањето и во делот на набавка за опрема за проекција на кино, бидејќи тие работи се по мене важни за граѓаните на Општина Кавадарци и друга работа која што ми е посочена како проблем во делот на Домот на културата е тоа, немање на соодветен простор за евакуација при евентуални пожари и други работи кои што кои што би се случиле, незнам земјотреси такви слични работи, мислам дека секоја институција треба да има соодветни простории и протокол по кој што би се евакуирало луѓето кои што се присутни внатре во кино салата и мислам дека тоа треба да биде работа која што оваа година и треба да биде предвидена со програмата и да се реши и тој проблем бидејќи луѓето доаѓаат таму да се социјализираат, да гледаат театар, да присуствуваат на други културни настани, а од друга страна евентуално при недај боже таква ситуација им го загрозуваме животот.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Процедурално до колегата. Значи во ниедна институција колку што јас знам за такви работи не дај боже да се десат пожар, полава, земјотрес не треба да има простории за сместување на луѓето, него треба да има излези за брза евакуација, значи тие треба да испаднат надвор од објектот, а не да останат во објектот.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Значи Дом на културата прво сакам да одговорам и во делот на набавката на опремата. Да стое втора година или трета по ред набавка на опрема за 3Д или 2Д кино, лани не ја набавивме пошто немавме храброст да ја направиме кога Дом на културата беше затворен, по ковид мерките не работеше. Оваа година доколку бидат разлабавени мерките како што се сега сигурно ќе биде набавена опремата и ние веќе имаме делумна донација обезбедено за таа работа преку фондации други кои што учествуваат во тој дел и мислам дека салата ни е комплетна.Во делот на греењето исто така не набавивме греење, пошто не функциониравме лани. Оваа година ќе треба да се доправи тоа греење и салата за прожектирање на филмови на кино, а во делот на евакуацијата, тоа е малку прашање поопширно, дискутирано и на претходниот совет и тука е раководителот Симоновиќ и директорката Туриманцова е запознаена. Значи направена е некаква отстапка пред 12 години, едниот излез кој што излегувал на улица Илинденска е затворен, односно оневозможен да биде излез за евакуација, меѓутоа ние

порачавме нов елаборат за евакуација при пожар, земјотрес или било каква непогода и ги исполнува кино салата условите, ми се чини дека сега има, двата влезови се користат и за излези и плус има уште 2 излеза, позади бина и од десната страна кои што излегуваат во летното некогашно кино, исто немаше и громобранска инсталација киното. Направивме громобранска инсталација, немаше хидрантска инсталација, направивме хидрантска инсталација, тоа беа пропусти од времето од пред 15, 20 години биле останати, а за жал еднаш имаше и пожар во киното, меѓутоа ете поуката не била извлечена на време, не дај боже да се случи нешто од сите работи кои што беа неусогласени со елаборатот, ние ги усогласивме. Тоа беше инсталацијата за хидранти, громобранската инсталација и овозможувањето на излези, таму си има стриктни правилници до 200 седишта, до 180 седишта колку влезови, колку излези, мислам дека ги исполнува во целост и елаборатот е направен од пред некои 6 месеци.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ја ставам точката на гласање. Кој е за. Добро. 13 за , 5 воздржани.

39. Програма за работа на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци за 2022 година, донесена од Управен одбор на на ЈОУ Локален Вински Музеј за регион Тиквеш-Кавадарци;

Дали некој бара збор.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Почитувани за оваа институција разговаравме на една од претходните седници и бевме ние како советничка група покритички, направивме покритички пристап кон работењето на оваа институција со цел да испровоцираме позитивни промени и во натамошното работење на оваа институција, но со оваа Предлог програма што сега ја имаме на гласање и на разгледување не сме успеале во тоа, значи не гледаме позитивни промени во идното работење на оваа институција. Првично во самата програма, значи оваа институција е Локален Вински Музеј, музеј да, но тука го имаме и зборот вински и самата институција треба да биде фокусирана на виното, на промоција на виното и се што може да направи оваа институција со своите активности да им помогне на нашите винари и лозари во нивното работење, значи самата институција е фокусирана на музејската дејност, значи потенцирано дека ќе се прават теренски истражувања, ќе се прибираат музејски материјали, ќе се отвараат поголем број на изложби од различни области на миузејската дејност. Ние во градот имаме Музеј галерија која што одлично работи, која што е стручно опремена и со кадар и со простори, така што на градот не му треба паралелна музејска установа, него на градот му треба оваа институција во делот на виното, промоција на виното и сметам дека во тој дел самата институција треба да направи промени во начинот на работењето и на што ќе биде фокусирана во иднина, ако стварно сакаме овие средства што ги инвестира Општината во оваа институција да вратат со бенефит за сите граѓани, а посебно за лозарите и за винарите, производителите на вино како што гледаме тенденцијата кај граѓаните е отварање на приватни винарии, во градот ги има многу, има уште поголем интерес, затоа што има и доста инвестиции и помагање на тие винарии по други основи, по други проекти и тоа е добро, но оваа институција мора да направи промени во натамошното работење и во организацоната поставеност исто имам забелешки затоа што кажано е дека

институцијата работи и ќе работи во 3 служби, административна, стручна помош, во административната се посочени 3 одделенија за етнологија, археологија, односи со јавност, музејска промоција, маркетинг, а институцијата има 1 вработен и двајца со договор на дело, значи тоа сето не може да се оствари со еден вработен и со двајца на договор, а нема дополнителни приходи за да може да си обезбеди соодветен персонал за да го оствари сето тоа што го планира во самата програма. Тоа е во делот на работењето на програмата финансискиот дел, значи многу разговаравме на таа седница затоа што Општината институцијата ја финансира со 2 000 000 денари, а Општината треба да оствари приход од, институцијата треба да си оствари приходи од 200 000 денари. Истата програма ја имаме како што беше минатата година, истата програма ја има сега, нема никакви разлики во однос на претходната година, значи во однос на 2021 година тогаш беше спомнато дека има некои проблеми во законската регулатива и можностите да оваа институција си остварува свои сопствени приходи, во програмата не гледаме дека има такви проблеми институцијата, не гледаме предлози да се надминат тие проблеми за да може институцијата стварно да си остварува свои приходи и да може да работи така како што треба значи во старт првата година Општината и помогнала на институцијата со оваа програма и што го бара сега институцијата значи Општината треба да продолжи да помага, а дали оваа институција ќе врати соодветно на тоа што Општината на некој начин инвестира во оваа институција останува да видиме во 2022 година со оваа програма ние како советничка група тоа не го гледаме и сега ако нешто направи институцијата натаки измени во оваа програма, тоа е нешто друго.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Почитувани значи дефинитивно не сте ја разбрале улогата на Регионалниот Вински Музеј. Значи тоа е Регионален Вински Музеј . Воопшто не станува збор за институција која што паралелно работи музејска дејност, тоа е лично моја идеја, која што ја спроведив во претходниот мандат со советниците, пари кои што ги добив грант од 150 000 евра за изградба на тој музеј, музеј кој што нема амбасадор што не го посетил или музеј кој што има негде од над 3500 посетители само ланската година. Не е целта да го промовираме таму виното, да го комерцијализираме или било како, целта за таа работа да го промовираме и да го комерцијализираме виното се винските продавници, од кои што една имаме отворено кај триаголникот прв, а втората планираме на втора локација, општинска кај што ќе најдиме соодветен дуќан таму да се промовира виното. Целта на овој музеј и ова ќе биде само музеј и сега една провокација. Па ако дојдите вие на власт, па напрајте го кафана, јас не мислам кафана да биде, ќе остане само музеј да биде. Да. Нема да врше комерцијална работа во делот на збиранки, вино, музика и ред други работи, него ќе биде културна институција музеј. Ниедна културна институција музеј не може да биде профитабилна организација. Пак ќе повторам е Регионален Вински Музеј за регионот цел Плански Вардарски и е целта таму да нашите гости, нашите деца и ние се запознаеме со лозарството, односно од кога потекнува лозарството, како се почнало во Кавадарци со лозарството, со кои методологии се обработувало, кои сорти грозје постоеле, целокупната литература да може таму да ја имаме, имаме од семејство Велкови многу вредни инструменти од 1900 година , 1950 таму која се дадени на музејот во делот на преработката на

тогашното грозје, обработката, сумпурица имаме, јас на пр. не знаев што е сумпурица и сега видиме тоа било сумпурица за прскање на грозјето. Значи музеј кој што ќе ги претставе од почетокот па до денешницата, до завршување на земјоделието и само така тој музеј може да функционира, а исто така како дејност музеј во програмата која што ја има можеме ние во понатамошни цели на повици да аплицираме преку Министерството. Еве денеска била гостинка министерката за култура во Винскиот Музеј. Изразила желба министерката за култура да го виде Винскиот Музеј, значи не виното Винскиот Музеј да го виде. Така да таму треба да работиме уште повеќе, да прибериме што повеќе материјали за да историјата и она што значи почеток на лозарството во Кавадарци да не биде занемарено пошто денеска знаеме дека автоматизацијата, дигитализацијата и модернизацијата на земјоделието е на друг начин откога се почнало таму 50-те години и како музеј е правилна форма на самата институција. Институцијата има еден вработен да точно е и двајца со договор на дело и сосема се доволно во делот на нивната презентација од она што треба да го презентират и да го направат како презентација на гости кои што стигаат . Другиот музеј кој што го имаме тој е Музеј на национални, културни дејности, воопшто во Општина Кавадарци ја претставува целкупната музејска галерија, а ова е само Музеј на лозарството или Музеј на виното. Идејата потекнува од мене како што кажав, беше подржана од сите, беше подржана и регионално, беше подржана и од Швајцарска Амбасада како донација за да го изградиме музејот и е втор музеј на Балканот во делот на лозарството и винарството, еден има во Црна Гора и ова е втор музеј од таков вид и карактер. Токму тоа беа и парите кои што ни ги одобрија да го направиме, а целта беше тој објект што го имаме таму, во самиот градски парк да нема никаква привилегија никој или индивидуалец или било кој него да го ставиме во функција за да си ги добие правата вредност, правата вредност е музеј и музеите се заштитени, музеите се регистрираат еднаш, не може да вршат комерцијална дејност во делот на профитабилност, единствено може да наплаќаат карти, па продаваат некое сувенирче и нешто така за да може да опстанат во делот на нивните секојдневни трошкови. Никој не ограничува и никој не ги попречува винарските визби кај што го имат изложено виното во музејот каде што бесплатно му дозволуваме да ги изложат нивните вински производи, да донираат средства за тој музеј и на жал дел од винарските визби си ги повлекоа вината и ставија апликации од шишиња внатре полни со вода. Е до таму е дојдена работата во делот со винарствотото колку сакат да помогнат на музејот. Нели викаме што постаро вино подобро, тие не убедија дека ќе се расипе виното ако стое тука и ни дадоа шишиња полни со вода, што ги презентираме во делот на музејот. Комерцијална етикета само направено, али внатре со вода се полни. Тоа е.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Градоначалникот малце незнам дали е провокација, дали е незнам мислам дека е несоодветна квалификацијата, значи да немаме дилема ние не предлагаме да тоа биде кафана, туку предлагаме да Винскиот Музеј се вклучи малце повеќе со активности во дел на промоција на вина. Промоцијата на вино и во рамки на државата и во соработка со Општина Кавадарци, во соработка со други институции кои што се за таа надлежност може да придонесат до многу голем бенефит во дел на лозарството и во делот на винарството во дел на продажбата на вино која што бенефит би имал целиот град, токму тоа беше нашите

предлози и во рамки на работната група во која што учествував и јас, значи да немаме дилема значи не станува збор за предлог кафана да отвориме, има доволно кафани во Кавадарци.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Почитувани значи дефинитивно не ви е сфатена работата на тоа што значи Вински Музеј. Значи тоа не е промоторска куќа која што ќе зима вино и ќе го промовира. Тоа е типичен објект кај што се сместени сите експонати за производство на грозје, вино, шира итн. кај што може било која винарија да сака да си врше промоција таму. Значи тоа е катче каде што може да се врши промоции на книги и на други вина кои што ги имаме, значи тоа е веќе едно организирано катче каде што можеме сите ние таму да покажиме кои се нашите традиции, што сме правеле, како сме правеле, како сме дошле до ова, така да сметам дека Винскиот Музеј не е промотивна фирма и нити може да врше промоција, значи таму е дозволено секоја винарија да си ставе свои експонати, доколку има потреба винариите да бидат повикани ако сакат да прават промоција, да ги промовират своите нови вина, стари вина или не знам што. Така да јас го чуствувам како музеј, не како фирма која прави промоција.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Контра реплика. Ова ти е втора, на Градоначалникот една и на советникот.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Значи сега од една страна викаше музејот, од друга страна можело да се врше промоција на книга, а Вински музеј. Сам се демантираш. Ок. Нашиот предлог, претходно имаше промоција на книга за нешто друго, не е важно. Нашиот предлог беше не викам дека станува збор за промоторска куќа, меѓутоа секоја одредена јавна институција треба да работе за некој поширок јавен интерес. Ако може да го искористиме Винскиот музеј да го сработе и тоа да работе во дел на промоција на наши вина, зошто да не го праве тоа. Јас не знам зошто сте против тоа, против нашата сугестија. Јас ова и го предложив и на директорката и директорката го прифана предлогот .

ГРАДОНАЧАЛНИК: Во ред е ама изложени се тие. Само не може да врше промоција на вина или комерцијализирање на производи и на продажба.

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Само кратко. Значи кога правиме промоција на вино, значи треба да знаеш од каде е набрано, како е складирано, како е произведено, кои ароми ги содрже, што треба да биде, боја каква има, со што се сервира, како се конзумира итн. така да за таа работа имаме ние 43 винарии регистрирани, ако за секое вино го прават така мислам половина од тие гости ќе бидат .

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Кратка реплика на Перо. Значи самата програма која ќе ја читаме, значи мораме да реагираме на ваква програма заради тоа што треба и целата дискусија е со и кај раководните, и кај раководниот кадар мислам сега таму кај директорката мора да направе некои промени позитивни, значи нашата дискусија е за позитивни промени, нашите размислувања и начини како ќе се искористат и капацитетите на институцијата што ја има и да.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Контра реплика на Веса. Целта уште на првата дискусија што ја имаме за Винскиот музеј се однесува луѓе, се однесува за музеј. Музеј е .Разберете дека музејот не остварува профит . Дали директорката, што ќе преземе, може има поголеми погледи, како ќе си го реализира делот на работењето, но музеј е, профит не може да оствare . Едно да знаете.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставам на гласање. Кој е за.14 за, 4 против .

40. Програма за работа на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци, донесена од Управен Одбор на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК ЈОВАН ЗЛАТЕВСКИ: Јас бев член на таа работна група. Ние бевме четворица мислам присутни, имавме неколку средби со раководството на ЈП Паркинзи и ако во првиот или вториот совет, така некако беше имавме заклучок дека Паркинзи работат со загуба, работната група од нивната анализа утврди дека загубата не е предизвикана од неработењето на Паркинзи, туку од повластените ставки за паркинг местата што ги користат граѓаните и тија дел на разликата помеѓу цената на повластените ставки за тие паркинг места и кога би биле како комерцијални, таа разлика ја чине износот кој што треба Општината да го дотира на ЈП Паркинзи за да не биде во таква финансиска состојба. Тоа е моето и сакам само да кажам дека прегеска се крена малку галама околу тија предлог колегата Горан Кузманов убаво кажа кога раководителот на Паркинзи ги кажуваше тарифите јас му реков дајте некоја повластена тарифа за советниците и ниту беше тоа писмено барање, ниту беше дадено како предлог официјален, меѓутоа некој што сака да го користе тоа на оваа говорница, да ги омаловажува вредностите на некои работни групи кои што вложиле труд да дојдат до некои анализи и заклучоци и да помогнат при изготвувањето на програмата, тоа си е негов проблем.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Накратко ќе биде. Значи јавното претпријатие повеќе пати сме го дискутирале. Сега само на кратко ќе кажам дека ништо нема значајна разлика од претходните програми и извештаи кои сме ги гледале, прави напори јавното претпријатие да прошири во делот на зоните, промени во зонското паркирање, проширување на паркинг места итн, но сепак и со овој план на јавното претпријатие пак му фалат 7 000 000 денари што ги бара, сега не , но ги бара како дотација, како надоместок за субвенционирани паркинг услуги што ги врши ова јавно претпријатие. Значи самото јавно претпријатие треба да си направи анализа и на приходи и на трошоци и да види во кој дел може да направи зголемување, дали на приходите да се зголемат за да се покријат трошоците или пак да си ги намали трошоците за да биде исфинансирано со сопствени приходи или трета опција е ние како Совет да одлучиме дека ќе можеме да го финансираме ова јавно претпријатие во износ околу 6 или 7 000 000, затоа што и ланската година и ова година со овој план на јавното претпријатие толку пари им фалат, евентуално сега да се надеваме дека во 2022 година ќе биде поуспешна, па можеби ќе имаат побарувања од помал износ на дотација од Општина Кавадарци. Се извинувам морам ова да го кажам. Во буџетот се планирани 3 000 000 за јавното претпријатие, а во планот се 7 00 000 што им фали. Тука дали има некое недоразбирање меѓу Паркинзи и Општината.

СОВЕТНИЧКА ВЕСНА ЃОРЃИЕВА: Точно е дека ЈП Паркинзи работи со загуба, но во делот на тоа како што кажа советникот Јован Златев при анализата што е направена, сепак за да користат граѓаните пониски цени за паркингот, ние како Општина ги субвенционираме, фактички ние како Општина ги субевенционираме граѓаните, не ЈП Паркинг. Што ќе добиеме со тоа кога ќе ја зголемиме цената на

паркингот или месечните карти, годишните карти, па токму тоа од таму произлегуваат. Точно се надеваме дека во натамошниот период ќе се зголеми бројот на уплатени средства од страна на граѓаните во делот за паркирањето. Точно е тоа дека можно е дека се многу ниски и треба да се ниски месечните карти за граѓаните за паркинзи.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Јас правев споредба на Предлог Програмата од претходна година и Предлог Програмата од оваа година. Параметрите кои што се земени во делот на смс пораки се повторно горе-доле исти, врз основа на кои се планираат приходите на ЈП Паркинзи гледаме дека секоја година има потфрлање и секоја година се користат истите параметри односно истите предвидувања во дел на смс пораки .Јавното претпријатие точно е дека работи со загуба, ние разговаравме на една кординација, јас и на претходниот совет предложив проширување на дејноста, спомнав одредена дејност. На кординација разговаравме и за вметнување на одредена друга дејност и мојот Амандман беше еден од прифатените амандмани беше токму во таа насока, значи со Градоначалникот и со другите кординатори на советничките групи разговаравме да биде во рамки на ЈП Паркинг како едно долгорочно решение вметната дејноста, да ја извршува дејноста на јавен превоз и мислам дека на тој начин би го средиле и би поставиле едни здрави основи за функционирање на ЈП Паркинг.

ГРАДОНАЧАЛНИК Јавното претпријатие за паркирање уште кога го формиравме единствена главна улога и главна цел беше да градското јадро и приградското јадро го регулираме паркирањето, регулираме културата, сообраќајот, да ги ослободиме постројките за автобуси, да ги ослободиме местата за инвалидски потреби за паркирање и да на некој начин ги тргниме оние возила кои што со месеци и со години стоеа во централното градско подрачје со налепница се продава, телефонски број тој и тој и јави се, така да тоа сега е мината работа. Секој граѓанин го гледа благодетот од потребите од паркирањето, симболична е цената за паркирањето и моја заложба, верувам дека и на сите вас ќе биде да остане симболична, да не биде на терет на граѓаните. Идното гледање на паркирањето е во тоа што пајак службата долго време не работеше, сега се активира од последната дискусија на Советот, веројатно и соодветните личности од ОВР Кавадарци го гледат Советот, па изреагираа на тоа, па веќе имаме полицаец кој секојдневно работи со пајакот. Второ нашиот пајак со одлука на Управен го изнајмуваме еднаш неделно во Неготино и од таму носи дополнителни приходи од подигање на возила, пошто и они воведија паркинг, обично Неготинчани гледат од Кавадарци како е и викат ај и ни да напрајме. Трето со изградбата на новиот пазар и со концентрацијата на оние возила сега што ги гледаме на Булевар Минчев сите ќе бидат регулирани и паркирањето на новиот паркинг кај што има повеќе од 160 места за паркирање. Тоа ќе бидат дополнителни приходи на јавното претпријатие за паркирање и нормално доколку изменацираме добро и успееме да имаме тој јавен превоз и превозот за основни и средни училишта го дадиме на гранка, на подгранка на јавното претпријатие за паркирање и од таму доколку се акумулираат некакви средства и го донесиме до позитивна нула и тука би требало да биде целта на јавното претпријатие, а секоја понатамошна субвенција од Општината би значело да ги удоволиме граѓаните и го постигниме тоа ниво да секој граѓанин кога си доаѓа од

работа, поготово во централно градско подрачје или на која било улица кај што живее, да си има соодветно место за паркирање за да не сествараат тие небулози, нервози и други работи кои што значат многу во делот на губењето на времето на луѓето додека паркираат, не е само тоа тука и комплетно градот има еден нов лик со одбележување на сите паркинзи, со табли, со хоризонтална, вертикална сигнализација, со одржувањето на паркинзите, чистењето на паркинзите, поставувањето на камери на паркинзите при не дај боже оштетување на возила или било кои други работи, така да јавното претпријатие за паркирање е една компанија која што е во интерес на граѓаните и слуга на граѓаните. Така и ќе продолжиме, ништо не е грев и воопшто да Општината дава кофинансирање на јавното претпријатие за паркирање, меѓутоа за тоа и ја формиравме таа група која што ете ја баравте, ја одобривме да се направи, да непродуктивните трошкови во претпријатиeто бидат сведени на нула. Се што е потрошено на јавен интерес и е потрошено во делот на уредување на претпријатието во делот на бенефит на граѓаните за мене е оправдано средство. Доколку имаме непродуктивни трошкови тогаш би имале неоправдани средства, мислам дека таму нивото на непродуктивни трошкови е на минимално ниво, воопшто и да го нема, така да паркирањето е дел од соживотот, а ние треба да се стремиме да јавниот превоз во Општина Кавадарци го подобриме на повисоко ниво, на подобри линии, со поквалитетен јавен превоз, па и да се намале делот за паркирањето на возилата не е грев, па затоа што штедиме на екологија, штедиме на други ресурси и стекнуваме едно повисоко ниво на култура, така да паркирањето е секогаш варијабилна бројка. Сами сте сведоци кога го немаше паркирањето, како изгледаше градот, со еден неред, со едно паркирање кој како сака паркира, оставени автомобили , сообраќајот беше често во прекин, со нервози, па да не кажам и до поголеми конфликти кои што доаѓале при делот на сообраќајот. Во делот на јавното претпријатие за паркирање, во менаџерскиот тим кој што треба да функционира и нивните барања кои што ги имат, нормално ние делумно ќе гледаме секогаш да ги удоволиме и да ги постигниме сите тие ситуации за да бидат во интерес на граѓаните. Ако ние направиме дополнителни приходи од дел на подгранки што ќе ги има јавното претпријатие, а со тоа го доведиме во позитивна нула или во некаква добивка, јас сум дури и со тенденција да дел од граѓаните бидат и ослободени од паркирањето или повластени по категории нормално за да не биде на терет на граѓаните. Општината е таа која што треба и е директна инволвирана во делот на регулирање на сообраќајот и регулирање на паркирањето.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам Градоначалник. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. 12 за, 1 воздржан ,4 против.

41. Одлука за утврдување на тарифа на цени по зони, за организирање на зонско паркирање на територијата на Општина Кавадарци, донесена од Управен Одбор на на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка.

СОВЕТНИК ГОРАН КУЗМАНОВСКИ: Почитувани советници. Вака ние во кординација со нашата советничка група ги разгледавме цените што се предложени. Гледаме дека се исти, но во очи ни падна во член 5 и во член 7 каде

ЈП Паркинзи значи предвидело за склучување на договор 250 денари цена и за обновување за договор 100 денари цена, за резервиран паркинг исто и на член 7 исто 250 денари и 100 денари. Ние сметаме дека тоа е незаконска цена, сметаме дека е спротивно на Закон за општа управна постапка и спротивно на Закон за заштита на потрошувачи и не смее граѓаните да се оптеретат во тој дел со дополнителни давачки и дополнително за нов договор да плаќаат 250 денари и за продолжување на договорот 100 денари. Затоа ние како советничка група за тој дел, за нов договор и продолжување за тие цени ќе гласаме за продолжување на другите цени, освен овие ќе бидеме сите комплетно против.

ДОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Тука и јас се согласувам со забелешката. Истата забелешка ја имаме и ние. Мислам дека не е соодветно администрацијата која што е вработена во ЈП Паркинг да наплаќа дополнителни средства за склучување и продолжување на договори, бидејќи тоа им е опис на работно место и за тоа се платени и земаат плата. Јас предлагам да тие надоместоци кои што се утврдени да се тргнат и да така го ставиме Тарифникот ако се прифаќа со Заклучок, значи тија дел кај што е за продолжување на договор да се тргнат и да го гласаме така Тарифникот .

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Бидејќи е затворен претресот по оваа точка со Заклучокот донесен, каде што се тргнува манипулативниот трошок за вадење на нова карта и за продолжување на претходна карта, истото го ставам на гласање. Кој е за со Заклучокот да се тргне. 16 за , 1 воздржан.

42. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за начинот и постапката за издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со наплата, донесен од Управен Одбор на на ЈП за јавни паркиралишта„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци;

Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор.

СОВЕТНИЧКА ВЕСА БОГЕВА: Може кратко појаснување по оваа точка.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Ај стави ја на гласање.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Кој е за. 11 за, 1 воздржан.

Господа реков ние сме 11 за , 1 воздржан. Вие сте против или воздржани.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Не, не не гласаме за точката. Можеме ли да не гласаме никако.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи ако не гласаш, си воздржан. Ама во ред тоа уште на почетокот на Дневниот ред треба да се изземите од таа точка, а не може кога Дневниот ред ви беше прифатен кога беше кажана точката да се изземиш после од таа точка.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Се иземам од точкаѕта. Не ја гласам никако точката. Имам право.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ама присутен си како.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ Нема врска тоа. По деловнички имам право да не гласам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Испаднале малку надвор на пауза.

43. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за условите и начинот на вршење надзор над непрописно запрени или паркирани возила и условите и начинот за блокирање, отстранување и преместување на непрописно запрени и паркирани возила, хаварисани и напуштени возила и чување на

истите на подрачјето на Општина Кавадарци, донесен од Управен одбор на ЈП „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор .Бидејќи никој не бара збор истата ја ставам на гласање. Кој е за. 16 за, 1 воздржан.

44. Предлог- Одлука за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на административните службеници вработени во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2022 година, донесена од директорот ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Кој е за. Едногласно усвоена оваа точка.

45. Предлог-Одлука за утврдување на максимален износ на вредност на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот во ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци за 2022 година, донесена од директорот ЈОУДГ„Рада Поцева„ Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Бидејќи никој не бара збор, ја ставам на гласање. Кој е за.

46. Извештај за работа на Локален Музеј галерија Кавадарци за 2021 година, донесен од Управен одбор на Локален Музеј галерија Кавадарци;

Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

47. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства за надомест на членови на работни групи за учество во изработка на ЛЕАП (Локален еколошки акционен план) ;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

ГРАДОНАЧАЛНИК: Би сакал ако е тука Симоновиќ да појасне.

РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ ДРАГОСЛАВ СИМОНОВИЌ: Почитувани советници ова е предлог на Општината за одредување некојси стимулативен надоместок за сите учесници во изработката на овој стратешки документ. ЛЕАП-от е еден документ кој што е неопходен за функционирање на Општината и е изработен на високо стручно и професионално ниво. Сметаме дека тој труд што е вложен иако претходно не беше објавено дали ќе добијат некој надомест, а сите членови, волонтерски го работеа овој документ, бидејќи е навистина добро изработен, сметаме дека како администрација дека треба некој соодветен надомест како стимул за идната работа, бидејќи најверојатно истите членови дополнети со предлогот ваш како советници да го кординират тој документ да понатаму се користи како основен документ за работа на Општината во делот на екологијата.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Благодарам. Точката ја ставам на гласање. Кој е за. Едногласно усвоена.

48. Предлог-Одлука за отпочнување со работа и вршење на дејноста на Јавната општинска установа за деца„Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци, во новиот објект„Сонце„ лоциран на ул„ Ресавска„ бр.36 во Кавадарци, Општина Кавадарци, во состав на Јавната општинска установа за деца„Рада Поцева„ Кавадарци во Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање.. Кој е за. Едногласно усвоена.

49. Предлог-Одлука за давање на користење, одржување и управување на објектот „Сонце„ на Јавната општинска установа за деца„Рада Поцева„ Кавадарци;

Точката ја ставам на гласање. Бидејќи никој не бара збор, истата ја ставам на гласање. Точката е едногласно усвоена.

50. Предлог-Правилник за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци;

Отварам претрес по оваа точка. Дали некој бара збор.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Почитувани присутни го практикувам спортот и не можам да не се обратам, денеска и дополнителна точка на дневен ред и носиме Правилник. Да носиш Правилник во спорт каде што имаме 30, 40 клуба за 15 минути, прво имам замерка према Градоначалникот, тој ги става точките на Дневен ред. Предлагач е Градоначалникот. Предлагачот вакви битни точки не треба да ги става 5 минути до 12. Немам против ова што Комисијата го донела, него селективност во тоа да ставиме проценти 20% за борачки спортови или поединачни, а екипни спортови 80% од парите. Досегашниот процент ако направиле анализа нека кажат колку е, и до сега беше така, може и помалку од 20%, а од Комисијата за спорт, дали Претседател, дали било кој член да ми каже атлетиката, каратето,џудото какви спортови се, поединечни или групни. Јас сум во Федерација 30 години, у првите луѓе, сум го практикувал спортот и сега ние ги ставаме во подредена улога, ги потценуваме спортовите. Оваа година може на светско првенство во џудо, Програмата треба да ја бодираме да дадеме повеќе пари. Оваа Програма, овој Правилник сме го правеле уназад 15 години, сме го усовршувале, сме ставале коефициент 2 ако е градски клуб, ако треба и 10 на фудбалот ако треба коефициент да ставиме напред ради тоа ако го рангираме по резултатите нема да земе пари толку колку што треба. Сме биле толерантни, треба убаво да работиме, треба да ги исконтактираме Федерациите, Комисијата треба да се допита до Федерации, до луѓе што го

знаат спортот, што го практикуваат, од ракав ако тресиш и даваш податок, поминува се, 10 луѓе рака и поминува, али револт ќе сторите меѓу граѓаните, меѓу децата, меѓу спортистите, ќе го направиме процентот да биде 20 или 19, ама со бодирање, со јавен оглас така како што треба и оној дел каде што бодираме секогаш сме ставале ГФК фудбалот е најпопуларен спорт и сме ставале најмногу пари, али по Програма каде што бодираме, каде што едногласно комисија давала оценка и Советот едногласно гласа. Можеме тука и јас можам да ви помогнам, а вие да пишите политички поени, мене политички поени во спортот не ми треба. Избразана одлука не е добра, повредлива и ефектот нема да биде добар, да размислиме уште кои критериуми треба да ги ставиме, ама да не фигурираат проценти. 20% на групни спортови и сега атлетиката можиш да се такмичиш групно, можиш и поединечно. У каратето можиш и у екипа да се такмичиш, можиш поединечно. Кај да конкурираат, како да конкурираат.

ГРАДОНАЧАЛНИК: И на двете места.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Градоначалник и на двете места е ок, али овој начин ако конкурираш на двете места и од двете места да те одбијат и да ти речат ти си поединечен, ако одиш групно па си групен. Тоа е селективност, не е добро. Нема играчка со деца. Било како да ги поделите 12 000 000. Јас кога бев во претходниот мандат со бившиот Градоначалник имавме 2 000 000 и ги делевме и од 2 000 000 се надевавме на 4 000 000, а дојдовме до 12 000 000. Тоа е повеќе од се. И на сите тие пари имаме потрошено пола милион евра инфраструктура на објекти, на спортска сала Партизан, Јасмин. Тоа е за поздравување, тоа е повеќе од моите очекувања. Во спортот се секогаш малку парите, али една работа да знаете на било кој клуб да му дадиш пари, толку пати оди на такмичењето, толку пари троши, нема некој од џеб да вади, и да дава, треба да гледаме резултати, треба да не ги повредиме децата од индивидуалните спортови каде што добиваат медаљи светски,европски али треба да не ги оставиме групните спортови ради тоа што тие работат со групи на деца, баланс да направиш не можиш, да биде приближно. Имаме ракометен клуб градски, имаме градски клуб во кошарка, во фудбал, каратето во Кавадарци е градски клуб. Тие секогаш влечат малце повеќе пари ама тие се клубови со историја, со 30 години и со резултати. Има клубови, регистрира клуб оваа година, ако му дадат пари добро, ако не го затвора другата година или ќе му смене име, па наредна пак го нема, пак регистрира. Многу голема работа. Ова е проблем што треба да

го решаваме месец, два, три. Програмата за спорт оди во март, а се исплаќа во јуни. Зошто брзаме. Значи првата исплата за спортот, на првите пари секогаш била во јуни месец, а последните исплати на спортот, благодарение на соработката со администарцијата и Градоначалникот е од 25 декември до 30-ти 100 % програмата била исплатена секогаш, евентуално некој мал процент 1, 2% не исплатена. Зошто скришум . И ние сме советничка група овие независните и вие сте коалиција Социјалистичка партија со коалиционите партнери и СДСМ. Зошто не се договориме. Зошто ние сите заедно не се договориме да дискутираме, да повикаме, да контактираме сите заедно со Федерациите осетлива работа.

Колеги ние пред малку на пауза се договоривме, тоа е увредлив збор, тоа не е мој стил, понашањето да се групираш, да бегаш, да се сликаш сам е некое понашање што личи на сега. Вие не сте. Затоа сакам да речам Социјалистичка партија со коалиционииот партнер, немам соодветен збор како да не згрешам. Колеги дај да седниме ќе ви дадам помош во секој поглед, да ви помогнам да го направиме тоа да биде пристојна работа, да не биде селективна удоволите на кој сакате, ние сме удоволувале секогаш на колегите. Колеги дали е добро така. Јас го почитувам Претседателот на Комисијата за спорт, професорот до мене, сака да направи, има притисок може и избрзал, не консултирал или мисле дека е така најдобро. Одлуката што вие како Комисија. Колега нема да те реплицирам. Вашата одлука ја почитувам. Вие сте мнозинство. Јас ќе ти ја почитувам одлуката, ама сакам да ти дадам насока нешто да смениш и да направиш нешто што ќе ти биде тебе на корист. Те читам без да те слушам. Доктор и професор е за мене ауторитет и ти како доктор си ауторитет. Спортист што не практикува спорт. Јас признавам спортист со резултати од некое европско, светско фала богу. Ама не од место да ми нафрлате. Колега каква одлука ќе донесите, ние ќе ја подржиме и прифаниме. Направете да е поиздржлива. Да биде подобра за сите, да не мењаме, да не мењаме, јас сум реагирал секогаш бучно и претходни 5 совети секогаш во интерес на народот, али никогаш не сум рекол мнозинството не го почитувам.Мнозинството носи одлука, јас почитувам.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Претседател на Комисија Тони Нешковски повели.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Претходниот колега советник г-динот Ристо Сакалиев значи дали не го погледнал материјалот за денешната

седница или не знам ова го зборува за политички поени. Тоа си е негова работа. Не е точно прво дека 5 до 12 беше пуштен новиот Правилник. Новиот правилник е пуштен уназад 5 дена и е подготвуван значи месеци уназад овој нов Правилник. Земени се сите примероци од страна на повеќе градови низ државата и од сите тие програми е издвоено и вклопено во едно се со цел да се направи еден Правилник кој што ќе биде само во интерес на оние кои што се бават со спорт и кои што бараат нели средства од Општина Кавадарци како коофинансирање значи нели за нивната дејност. Вие тука се понудивте за помош. Значи јас се сеќавам нели кога се формираше овој состав на Совет, вие ви беше понудено да бидете дел од Комисија за спорт, вие се откажавте од таа работа. За каква помош сега нели тука зборуваме. Ако сакавте да помагате и да работите во интерес на спортот, ќе бевте член во таа Комисија за спорт. На денешната седница на Совет значи имаме точка на дневен ред која што гласи :

Предлог-Правилник за утврдување на критериумите, начинот и постапката за распределба на финансиски средства на спортски клубови и здруженија како и подршка на манифестации, турнири и проекти од областа на спортот од интерес на Општина Кавадарци;

Со овој Правилник се направија некои измени каде што се делат нели колективните со поединечните спортови. Од вкупната сума нели од 12 000 000 денари нели што е предвидена за наредната година за спортот во 2022 година од вкупниот буџет 5% припаѓаат на Сојуз на спортови. Останатите 95% значи ги делиме 80% од тие 90%, 80% за колективни спортови, а 20% за поединечни спортови, се со цел да има една правилна распределба. Како и самите што кажавте нели со овие 20% кои што сега ние ги носиме со новиот Правилник ќе има повеќе средства за тие поединечни спортови отколку што имало претходно. Критериумите за оценување и бодување се многу јасно наведени нели во член 7 од овој Правилник каде што се бодираат врз основа на јачина на првенство. Вие спомнавте за меѓународни лиги и натпревари нели , тука влегуваат и поединечните спортови каде сега со овој Правилник носиме бодирање, најголемо бодирање од 20 бода за оние коишто учествуваат во меѓународни натпреварувања. Оние коишто исто така учествуваат во прва лига и ракометот во случајов во Прва лига, Втора лига, Младинаска лига коишто се натпреваруваат. Потоа имаме бодување за младински школи, комплет школи со сите категории, школа со две категории, школа со една категорија, исто така тука ќе влезат финансиски ипликации нели за спортски сали и терени, кој колку во претходната година одвоил средства за таа работа. Не може некој клуб кој што не одвоил апсолутно никакви средства да земе повеќе пари од некој кој што давал над 100 000 денари, или од 50-100 000 денари или

25-50 000 денари, до 25 000 денари итн. Исто така оние клубови што наплаќаат членарина не може да зимаат повеќе средства од оние клубови коишто не наплаќаат членарина. Овој Правилник нели за бодување и за финансирање на спортските клубови според мене е исправен и до сега можеби најисправен и затоа јас тука барам подршка од страна на сите колеги советници да го изгласаме овој Правилник се со цел да немаме како во минатото одредени случаи нели каде што имаше големи отстапки во финансирањето на одредени клубови коишто реално тоа не го заслужуваат според претходниот Правилник. Така да сметам дека овој Правилник е исправен. Претседателе да јас сум доктор по професија, но вие исто така не сте информирани изгледа, 11 години се бавев професионално со спорт. 11 години. Така да горе-долу ги разбирам овие работи и според тоа очекувам нели подршка од страна на колегите советници за да го донесиме овој нов Правилник кадешто нели нема да бидат оделни клубови, оделни поединци дискриминирани.. Сите подеднакво, јас сум од овде транспарентно и одговорно тврдам дека заедно со службите и сите членови на Комисијата за спорт правилно ќе ги распоредиме финансиските средства за спортот за 2022 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Контра реплика Ристе.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега не реков дека неправилно ќе ги распоредите. Јас реков дека селективност правиме пошто однапред судиме, правиме проценти кои колку треба. Сите клубови учествуваат на повик, гледаме програми и носиме бодови. Сега ќе има привилегија да ги носите бодовите вие и како ќе направите, ние ќе подржиме. Проблемот тогаш, критериумите што ги собирате од ваму, таму еден месец и една недела, тие се критериуми што треба да ги праве Советот со советничките групи да комуницира со сите Фердерации, јас сум у Федаерација, у првите тројца луѓе, да дадат Федерации и они мислење и они сега директно до вас, јас имам респект кон тебе еве и како доктор и како ракометар. Проблемот е дали ти респектираш другите спортови сите, освен ракомет. Значи ние викаме историјат на еден клуб ако отвориш. Отвори го твојот историјат и мојот, 50 години пример и резултати. Клубовите ние ги бодиравме и по историјатот. Значи некој клуб да речиме, да речиме фудбалскиот клуб градски или џудо клубот или карате клубот у претходни 50 години во државата во континуитет има работено, има направено медаљи на светски, на европски и на балкански првенства и сега клуб вчера регистриран, на сите им давате. Ќе имаме дилема во тоа. Ќе ви поставам прашање. Тератаните во кој спорт се. Групен или поединечен или треба да не ги бодираме. Кај че ги ставиме.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Во рекреативен спорт.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Во рекреативен. Уште

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Не спорт. Спортско здружение Ристо.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега на тоа треба да се дискутира. Ова работа, ова тема треба многу долго кофициенти, кретериуми треба да правиме. Не дека претходно не се делеле пари како што треба , колега бевме колеги заедно едногласно ги делевме парите. Е у спортот една работа. Не сме ги делеле рамномерно парите и не земале сите исто. Во спортот не се зима исто. Се зима према резултати. Ако земиш фудбалер Лука Модриќ во Реал Мадриќ 100 000 000 евра, во Тиквеш имаме за 1000 евра фудбалер. Немојте да мислите дека во спортот треба да ги делиме по исто, кој е по исто, 40 клуба, фрламе по исто пари и готово. Критериумите да бидат такви што нема да се повреди некој во буџетот. Сега ја викам, се надевам дека уште повеќе ќе ги поделите од претходно, него селективноста е во тоа што повредуваме. 5% за Сојуз на спортови. Може треба 10%, не знаеме Сојуз на спортови до кој проблем ќе дојде. Ние со тие пари сме плаќале професори по физичко воспитување кај што немало, сега има, манифестациите не знаеме колку пари ќе земат, зошто да бидат 5%, може да треба 15%, може да треба. Таа анализа што е направена. Колега само момент. Ние сега само глобално нафрламе. Ја ти нафрлам проценти што. Кога нешто даваш на оглас, ти не си ги видел програмите на клубовите и судиш и делиш пари. Треба да ставиш некои критериуми, да не даваш проценти кај колку пари одат и после по програмата ставај поени и нули ставај колку што сакаш, никој нема да се налути. Јас работам како тренер 30 години и сум такмичар 30 години, на мене 30 години и Општина ми давала пари како член на клуб, ниту сум приватњак на клуб, ја водам градски клуб и сум во Репрезентација многу време и спонзори ми давале пари и не ми давале пари и Општина ми давала и така ме бидува и овака ме бидува, не е тоа проблем. Проблемот е да не направиме селективност на почеток, да не фигурираат проценти, зошто пак мене 5%, зошто на овој 6%. Кога ја носиш програмата, се собираш овде во Совет, едногласно минување, тие одлуки и сега ќе ти бидат едногласни , нема ја тебе да ти речам Тони не си во право, штом тројца сте вие за ние двајца против, ние ќе се приклучиме према вас. Ме праша зошто Ристо не си прифатил да бидиш во Програма за спорт, ми понудивте да бидам Претседател на Комисија за здраство и не се наоѓам таму, треба да одлучувам нешто што не е моја дејност. Значи нема да донесам квалитни решенија и затоа се откажав од сите комисии. Имав интерес да бидам во Комнисија за спорт, ВМРО да има мнозинство, јас да бидам само Претседател и да ви помагам, вие да бидите тројца, јас да бидам Претседател со уште еден член. Тоа Тони знае што се значи. Тоа значи дека врвен спортист нека не е Ристо нека е било кој. Има норма и во Федерацијата и било каде со светски и европски резултати ќе ми речат тебе те ставиле да бидиш член во Комисија за спорт, тоа е понижување за мене како спортист и како Ристо и како советник не. Има некои норми, што некој ги пропишува. Можам ли Тони да бидам 50 години во врвот на светот и на Европа, да имам меѓународни резултати и да бидам член во Комисија

за спорт. Претседател ако сум, а вие сте тројца секогаш едногласна ќе ти биде одлуката, пак така ќе биде и Советот ќе гласа. Значи моите норми се такви. Јас имам достоинство. Ќе ги повредам овие во каратето што ме ценат, што ме сакат. Тоа е суштината на тоа дека Ај да те ставиме претседател во Комисија за здраство, да читаш нешто што не знаеш, да прават циркус луѓето со мене, не прифаќам, не знам, не можам, нема да има ефект од мене. Ефектот го гледам тука, али ако не ви требам, носите ги одлуките како сакате, не месеци, не години, какви и да правите критериуми, секогаш ќе имат аномалија, секогаш ќе имат и предности. Не реков дека нема да ги поделите убаво парите, дека селективноста не е добра работа према децата, према спортистите, према клубовите. Ќе си створите проблем, а проблемот после ќе го решаваме заедно и ќе најдиме некое решение, може секое наредно решение е подобро од претходното, не викам она што досега што сум бил е најдобро. Секое наредно е подобро. Во стартот правиме грешка. Мораме да бидиме према сите исти и книги, апликација, критериум, направи го поединечниот спорт како сакаш, али имаш проблем атлетиката у кој ја ставаш, џудото во кој го ставаш спорт, групен или поединечен, каратето во кој го ставаш, џудото во кој го ставаш. Па каратето оди екипно се такмичиш, може и поединечно, може и во едното и другото. Пет такмичари се такмичат од еден клуб, пет од друг, 5 мои, 5 твои, еден против друг и се собираат. Колеги кога зборуваме за спортот, да не ги знаеме правилата во спортот, да не знаеш у каратето како се такмичи. Не колега треба да ме прашуваш, ама да не ме прашуваш од говорница, да ме прашаш на само, да ме викниш се ќе ти кажам и ќе ти помогнам каков спорт е каратето.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ристе ај ве молам да бидеме конструктивни оти се вртиме околу круг, а не можиме суштински да се доуредиме. Значи Правилникот е изгласан на Комисија.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега Правилникот вие ќе го изгласате, јас ќе гласам против.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ Добро не е спорно. Легитимно право е. Дајте време во новиот Правилник како се делат средствата во идно време и отпосле да судиме. Значи сега на Правилник што е изгласан на Комисија за спорт, ставена како точка на Дневен ред на денешната седница одма анатема му фрламе дека не бил добар. Дај да видиме.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега вака.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: И на крај краева бидејќи бев присутен на Комисијата за спорт, бев во контакт со општинските служби Правилникот за Комисија за спорт не го извлековме од ракав.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Од пет места сите негативни работи и еве го.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Не, не,не. Значи Правилникот за Комисија за спорт го изработивме врз основа на Правилниците за Комисија за

спорт во општините во нашата држава, ги земавме во Битола, во Струмица, во Штип, во Скопје и сегде видовме дека нашиот Правилник до сега се разликува од така како што правеле друзите. И уште една работа. Се слагам со вашето тврдење заради тоа што сметате дека овој Правилник е според вас нереален, меѓутоа јас сметам значи за да видиме дали е реален или нереален , откога е веќе изгласан на Комисија за спорт, поставена точка, како што ви викате ќе се изгласа, а ќе се изгласа дај време, да видиме спортските клубови во текот на ваа година со распределба на тие пари што се предвидени во Програмата за спорт дали ќе бидат посреќни.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега вака сега. Колега оваа работа што ми ја речи сакам да ти помогнам. Немаме утврдено што е што. Немаме утврдено. Вие не знаете. Значи имате проблем. Влевате во работа што не ја познавате. Ја ради јавноста, ради граѓаните, ради подржувачите на спортот морам да објаснам од свој аспект . Ајде сега донеси ми тие 40 апликанти и кажи ми што е поединечно, што е групно. Немојте да влевате во заблуда. Значи напрај си какви сакаш ти критериуми, бодирај си како сакаш, ја ти давам подршка . Програмата за спорт

12 000 000 да влезат во спортските клубови било во кој, за мене е задоволство големо. Не е проблемот во парите, парите се за поздравување, проблемот е во тоа што предвреме судиш на кој колку ќе дадиш.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Не се суде предвреме.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Па у проценти даваш.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Не се суде. Па во поени е.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега слушај ме. Првин викаш толку посто, волку посто и поени после, поените после ќе ги правиш, а поените се дават колку проценти е.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ристе дали знаеш дека и во претходната програма горе долу буџетот беше поделен по истите проценти.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колеги не е проблем процентот, значи јас се слагам и колегата добро рече може биле повеќе или помалку. Проблемот е што прво треба да ги бодираш, па да направиш поени и после кога ќе видиш на крај математика излегло ваму 27%, ваму 50%. Обратно работиме, што не е добро . Значи обратно работиме и сега треба јас оваа Програма што е обратна да ја гласам. Како комисија стави си поени што ќе испадне тоа. Колеги дали се разбравме, значи грешка правиме во процедура. У процедура правиме. Бодирај си како сакаш, имаш подршка, нема да испаднам јас кога делиш пари на седница да кажам малку, многу али обратно да правиме, да судиме сега толку посто, волку посто.

СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Значи не ги делам јас средствата, значи средствата се делат од страна на службите заедно со Комисија за спорт, нели сите членови во таа Комисија за спорт, јас сега апелирам нели до сите колеги советници кога ќе биде таа комисија, кога ќе се бодираат сите клубови, сите колеги советници

да бидат присутни нели на таа седница на Комисија за спорт. Исто така апелирам и до претставниците од спортовите коишто ќе аплицираат за средства до Општина Кавадарци да присуствуваат нели на тој состанок или седница на комисија како да ја наречам. Спомнавте за Сојуз на спортови, значи претходните 4 години исто средства беа оделени 650 000 денари, исто ќе бидат со тие 5% 650 000 денари, за разлика од претходно сега значи со овие средства нема да бидат опфатени професорите по фискултурно и здраствено воспитување затоа што тие веќе се преземени од образовните институции. И јас не знам каде е проблемот. Значи како што кажа и Претседателот на Совет дај да го поминеме Правилникот , дај да го поминеме Правилникот за распределба на средства, да му дадеме шанса и самите вие ќе увидите дека по овој правилник ќе бидат, не како што вие кажавте рамномерно, не може на секој рамномерно едно исто да му дадиш, секој аплицира со програма, со поднесена програма до службите и врз основа на таа програма му се делат средства, али со програмата која што ја поднесуваат да му бидат доделени максимум средства колку што можат да бидат доделени. Сите клубови дали поединечни, дали колективни да бидат задоволени, да не се прави како во минатото, да не биде тоа пак пракса одредени клубови коишто незнам по какви критериуми и бодирања земале енормни суми, нели енормни суми, а одредени клубови коишто се натпреваруваат во прва лига 10 пати помалку. Значи се понудивте за помош, сам напуштивте од местото член на Комисија за спорт, од таму поголема помош незнам каде може да се даде. Зборувате за спортисти кои што имале нели успеси во минатото, на меѓународни натпревари, светски, европски секоја чест. Тие спортисти ги почитувам и не треба да бидат заборавени. Во случајов носиме програма за спорт за моментални актуелни спортисти. Тие коишто биле во минатото пак ќе кажам, ги почитувам, секоја му чест. Нека аплицираат за спортска пензија, а не за средства од Општина Кавадарци.

СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега вака сега. Во минатото се фрлале пари и треба и не треба, ги фрлавме сите заедно. Минатото е завршена работа. Иднината треба да е подобра. Ние правиме, колега ислушај ме како сме правеле сите заедно едногласно Сојузот на спорт . Дослушај ме сега. Не како минатиот совет, минатиот совет не. Викаме првен Сојуз на спортови, манифестации со Сојуз на спортови, со Претседател на Сојузот на спортови седнуваме и правиме математика колку му требат, неговите пари се фиксни, нема да ги видиме на оглас, значи Сојуз на спортови према потреба од манифестации, се договараме и викаме ако треба милион, два, пола милион, колку што барал, толку сме му дале, тоа е фиксна сума и сега таа нема процент, може до март месец излегува нешто што треба да го зголемиме. Мене ми смета процентот што викаш 5% за Сојуз на спортови, може треба 10. Не е никаков проблем. Друга работа за да видеме спортски како се носиш, ако си бил спортист треба да се понашаш спортски, не да се понашаш, јас во

политичкиот спорт не гледам политика. Да не туриме само проценти претходно, нека си дојдат процентите и дупло помалку нека бидат од тие што ние сакаме како поединечни спортови, ја не се наоѓам во поединечен, ни во групен спорт. Сега ми расправаш пензионери во спортот. Да се радуваш кога имаш спортист од 20 години до 50, што има 10 меѓународни медаљи и спортска пензија ми е неминовна јас да си ја земам, ќе ја земам, не ти се мешам, ниту пак ти барам пари за мене. Јас сум тренер на еден клуб каде што мене пари не ми требат. Јас сум тренер, ги учам децата, друг финансира, друг ги зима парите, друг ги распоредува. Јас пари не распоредувам. Колега барав. Нема реплика, има реплика ќе ја слушните, не брзајте. Ја ти реков како ќе ги оделиме клубовиоте. Ај кажи ми каков спорт е џудото, каков е каратето, поединечен, групен. Тука ќе влезиме во заблуда. Дај да го тргниме тоа, другото е ок.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Ристе колективни спортови се кошарка, ракомет, одбојка, фудбал. Индивидуални спортови се карате, пинг-понг, тенис, атлетика, гимнастика, боречки спортови. Што не е јасно Ристе.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Прашај во Федерација .Дали џудото и каратето е само поединечен спорт. Колеги деликатна работа е, ќе реагират и Федерациите. Не можеш да ги класифицираш и тератаните, планинарите каков спорт е, нуркачите.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Рекреативно. Рекреативен спорт.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Тони сакам да ти помогнам, да го тргниш процент, да нема реагирање од спортистите, инаку бодирањето го прави комисија како сака, какви норми има, како аплицира. Знам ама во подредена улога ги ставаме луѓето и предвреме им судиме. Тоа треба да го тргниме. Не е спорно повеќе или помалку.
СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: Во излагањето на колегата гледам дека има познавање во делот на спортот и можам да заклучам дека по неговото излагање неговото излагање е тенденциозно и имам прашање, меѓутоа не мора сега да ми одговоре, може и после совет за да не ја раздолжуваме седницата. Сакам да го прашам колегата колку зимат индивидуалните спортски клубови како карате и ви како Претседател на ГКК Тиквеш, колку средства зимат другите клубови, колку средства зима вашиот клуб и за на крај сакам значи по овој Правилник ќе видиме дали клубовите ќе реагират за средствата дали добиле помалце, дали добиле повеќе. Значи јас сакам само да ми одговорите колку зима ГКК Тиквеш колку средства, колку друзите клубови и по кои критериуми.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Колега вака. Прво како Претседател на Карате клуб Тиквеш да ми дадеш одговор. Ниту сум Претседател на Карате клуб Тиквеш, ниту сум таму тренер. На Кавадарци, а ти на Тиквеш ми рече. А да сум претседател, не сум претседател, а увидот од средствата ќе си го видиш, го имаш достапни се тие информации од Општината.

СОВЕТНИК ФИЛИП ТАСЕВ: И по кои критериуми одговорете се добиени тие средства за Карате Клуб Кавадарци, а за кои се критериумите што се добиени парични средства за другите клубови.
СОВЕТНИК РИСТО САКАЛИЕВ: Кој клуб. Спомни ми еден. Еден само спомни ми.
СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Вака го разгледавме новиот Правилник, предлог-Правилник кој што е предложен пред советот на Комисијата за спорт. Јас имав одредени забелешки, мислам дека се прават одредени само корекции. Моите предлози беа и на претходната Комисија за спорт голема конкретизација да не дојдиме пак во суштина да носиме пак правилник кој што пак ни е врз основа на наше мислење би ги пишеле односно би ги распределувале средствата. Ако земиме споредба да правиме овој Правилник како би се делеле средствата ако направиме споредба со претходно горе доле 80 со 20 и претходно, така да не правиме како се вели суштинска промена. Мојта заложба беше да се направи некаква поголема конкретизација со цел да не се делат така паушално врз лично наше убедување дали на овој клуб им следува толку пари, на друг клуб друг износ на пари, тоа да се направе со одредени коефициенти за ској спорт соодветен коефициент да бидат такви да се делат сретствата, меѓутоа сметам дека меѓу двата правилници нема да има некоја клучна разлика во делот на распределба на средствата, инаку има одредени корекции.
СОВЕТНИК ТОНИ НЕШКОВСКИ: Благодарам колега на плодната дискусија. Значи во врска што е спомната таа паушална поделба, јас не се согласувам дека е паушална поделба, значи таму ќе има нели бодирање, секој клуб поднесува програма за наредната година и по таа програма имаме исто така финансиска програма колку средства би му биле потребни на тој клуб за да опстои во таа наредна година. Така да мислам врз основа на таа програма изработена за наредната година и бодирањето мислам дека ќе одредиме правилни средства за секој еден клуб оделно. Тоа ми беше само.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани бидејќи е исцрпена
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Накратко. Значи при креирањето на овој Правилник бевме водени од претходните години колку средства биле планирани и реализирани. Така да со овој Правилник сега се зголемуваат за тие индивидуални спортови од 2 400 000 и ако ги споредиме претходниот со овој Правилник ќе утврдиме дека тука има критериуми, таму немаше критериуми, таму имаше критериум добро изработена програма. Што значи тоа, еден Господ знае.
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Точката ја ставм на гласање, бидејќи е исцрпен претресот по неа. Кој е за. 10 за. Кој е воздржан. 5. Кој е против. 3
СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: Се извинувам Претседателе дали може кратка пауза за кординација со советничката група.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Почитувани советници продолжуваме со 51 точка на дневниот ред.

51. Предлог-Одлука за донесување на Детален Урбанистички План за УЕ 5, Блок 5.6,„ХОТЕЛ ФЕНИ „ КО Кавадарци град, Општина Кавадарци 2020-2025;

Дали има некој барање за збор.

СОВЕТНИК ВУКО МЕЛОВ: Пред, ми се чини на втора седница беше баравме навремено да ни бидат доставувани деталните урбанистички планови со цел да можеме да видиме каде и во кој дел се прави промената. Овој ДУП јас мислам дека не ни е ниту доставен како материјал така да.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Значи ДУП точно како дополнителна точка беше ставен беше е потпишано од Министерството за транспорт и врски, денеска беше доставен согласноста и денеска затоа беше ставена Комисија за урбанизам. Во ред за во идно време ќе го зимаме во предвид тоа. Кој е за оваа точка. Ја ставам на гласање. 12 за. Кој е против. Воздржани . 5 воздржани.

52. Предлог-Решение за изменување и дополнување на Решението за именување на претставници на Општина Кавадарци за членови во Управниот Одбор на Јавно претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ„ Кавадарци

СОВЕТНИК ПЕРО НИКОЛОВ: На состанокот на Комисијата за мандатни прашања, избори и именувања за член во Управен Одбор во Јавно претпријатие Паркинзи се предлага да биде лицето Јулијана Гркова.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТ СТОЈАНЧО РАМОВ: Предлогот го ставам на гласање.Кој е за. 16 за. Кој е против, воздржан. 1 воздржан.

Почитувани колеги со тоа го исцрпивме денешниот Дневен ред.

Јас сакам само на кратко да ви посакам среќни Новогодишни празници. Бидете среќни вие, живи, здрави, вашите фамилии и здравје боже до година со нови успеси. Благодарам. Со тоа го исцрпивме дневниот ред.

Изготвил: Анета Рамова

СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Стојанчо Рамов